# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Јуни 2024
Qershor 2024



ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

Во јуни, Генералното собрание на ЗЕЛС, највисокото тело на Заедницата, ја одржа шестата седница на која, на покана од ЗЕЛС, присуствуваше мандатарот за формирање нова влада, Христијан Мицкоски. Во обраќањето пред делегатите тој ги изнесе ставовите и заложбите на идната извршна власт за обезбедување заемна соработка за унапредување на процесот на децентрализација на власта во земјата и обезбедување подобра финансиска стабилност на општините. Притоа, Мицкоски ги охрабри општините да подготвуваат проекти за капитални инвестиции, бидејќи по спроведувањето ребаланс на буџетот, некаде во втората половина на август или септември, се планира да биде објавен јавен повик за аплицирање. Пред делегатите се обрати и претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, кој, меѓу другото, ги нотираше главните приоритети на лобирањето на ЗЕЛС, утврдени во Систематизираните ставови на ЗЕЛС. Генералното собрание усвои и значајни документи од работењето на Заедницата, по предлог на Управниот одбор, кој на својата 21. седница ги усвои Предлог- финансискиот и Наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година. На оваа седница на Управниот одбор, што се одржа во просториите на Општина Центар, беше посочено дека долгот на општините кон ЗЕЛС од ненаплатена членарина изнесува околу 30 милиони денари и дека треба да се обезбеди сериозен пристап за надминување на овој предизвик со кој ЗЕЛС се соочува подолг период. Како сериозен предизвик за општините, на оваа седница, беше посочен третманот и згрижувањето на кучињата скитници, за кој беше заклучено дека треба да се издигне на повисоко ниво со вклучување на сите релевантни фактори за негово системско решавање. Управниот одбор на ЗЕЛС ги усвои предлозите за формирање Комисија за животна средина и комунални дејности и Комисија за социјална заштита и социјална инклузија. Кон крајот на јуни, Комисијата за животна средина и комунални услуги ја одржа конститутивната седница на која членовите го избраа Љупчо Папазов, градоначалник на Општина Кочани,за претседател на Комисијата, а за негов заменик беше избран Стевче Стевановски, градоначалник на Општина Новаци.

Во овој период беа реализирани и низа обуки за општинската администрација, што е, исто така, важна стратегиска цел на ЗЕЛС . Во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и проектот „Зајакнување на општинските совети - фаза 2“ ЗЕЛС организираше работилница за справување со говорот на омраза, дезинформациите и дигиталното насилство. На иницијатива на Општина Пробиштип, ЗЕЛС организира консултативна средба за претставниците од локалните совети за превенција на детско престапништво од општините од Источниот Плански Регион со членови од Државниот совет за превенција на детско престапништво. Исто така, на претставниците од општинската администрација и од организациите што се даватели на социјални услуги, од девет општини, им беше овозможено да ги надградат своите знаења за креирање нови социјални услуги по мерка на корисниците. За дел од единиците на локалната самоуправа од нашата земја, заинтересирани за сертификација и ресертификација, според регионалната програма БФЦ СЕЕ, ЗЕЛС организираше обука за запознавање со процесот што треба да го минат за стекнување на овој стандард. За овие и други информации може да прочитате подетално во овој број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Në qershor, Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së, organi më i lartë i Bashkësisë, mbajti seancën e gjashtë, në të cilën me ftesë të BNJVL-së mori pjesë mandatari për formimin e qeverisë së re, Hristijan Mickoski. Në fjalimin e tij para delegatëve, ai prezantoi qëndrimet dhe zotimet e pushtetit të ardhshëm ekzekutiv për të siguruar bashkëpunim të ndërsjellë për avancimin e procesit të decentralizimit të pushtetit në vend dhe për të siguruar një stabilitet më të mirë financiar të komunave. Në të njëjtën kohë, Mickoski inkurajoi komunat që të përgatisin projekte për investime kapitale, sepse pas realizimit të rebalancimit të buxhetit, diku në gjysmën e dytë të gushtit apo shtatorit, po planifikohet të shpallet thirrja publike për të aplikuar. Para delegatëve foli edhe kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, i cili, ndër të tjera, theksoi prioritetet kryesore të lobimit të BNJVL-së, të përcaktuara në Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së. Kuvendi Gjeneral miratoi edhe dokumente të rëndësishme të operimit të Bashkësisë, me propozim të Bordit drejtues, i cili në seancën e 21-të miratoi Propozim-raportin financiar dhe Propozim-raportin narrativ të BNJVL-së për vitin 2023. Në këtë seancë të Bordit drejtues, e cila u mbajt në hapësirat e Komunës Qendër, u theksua se borxhi i komunave ndaj BNJVL-së nga anëtarësia i papaguar është rreth 30 milionë denarësh dhe se duhet të sigurohet një qasje serioze për ta tejkaluar këtë sfidë me të cilën BNJVL po ballafaqohet një periudhë më të gjatë. Si sfidë serioze për komunat, në këtë seancë u theksua trajtimi dhe strehimi i qenve endacakë, për çka u konstatua se duhet të ngrihet në një nivel më të lartë me përfshirjen e të gjithë faktorëve relevantë për zgjidhjen e tij sistematike. Bordi drejtues i BNJVL-së miratoi propozimet për themelimin e Komisionit për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale dhe Komisionit për mbrojtje sociale dhe përfshirje sociale. Komisioni për mjedis jetësor dhe shërbime komunale në fund të qershorit mbajti seancën konstituive, në të cilën anëtarët e tij zgjodhën Ljupço Papazovin, Kryetar i Komunës së Koçanit, për kryetar të komisionit, ndërsa për zëvendës të tij zgjodhën Stevçe Stevanovskin, Kryetar i Komunës së Novacit.

Gjatë kësaj periudhe u realizuan një sërë trajnimesh për administratën komunale, që është gjithashtu një qëllim i rëndësishëm strategjik i BNJVL-së. Në bashkëpunim me Programin për Zhvillim të Kombeve të Bashkuara (UNDP) dhe projektin “Përforcimi i këshillave komunale – Faza 2”, BNJVL-ja organizoi punëtori për ballafaqimin e gjuhës së urrejtjes, dezinformatave dhe dhunës digjitale. Me iniciativë të Komunës së Probishtipit, BNJVL-ja organizon takim konsultativ për përfaqësuesit e këshillave lokalë për parandalimin e delikuencës së fëmijëve nga komunat e Rajonit planifikues lindor me anëtarët e Këshillit shtetëror për parandalimin e delikuencës së fëmijëve. Gjithashtu, përfaqësuesit nga administrata komunale dhe nga organizatat që ofrojnë shërbime sociale, nga nëntë komuna, patën mundësi të përmirësojnë njohuritë e tyre për krijimin e shërbimeve të reja sociale sipas nevojës së përdoruesve. Për një pjesë të njësive të vetëqeverisjes lokale nga vendi ynë, të interesuara për certifikim dhe ricertifikim, sipas programit rajonal të BFC EJL, BNJVL-ja organizoi trajnim për informimin e tyre lidhur me procesin që duhet të kalojnë për të fituar këtë standard. Për këto dhe informacione të tjera mund të lexoni më hollësisht në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. ,, Kopenhagenska” nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## ОПШТИНА ЦЕНТАР –ДОМАЌИН НА 21. СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

Дваесет и првата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС се одржа на 31 мај 2024 година, во просториите на Општина Центар. На почетокот на седницата градоначалникот на општината, Горан Герасимовски, им посака добредојде на своите колеги и изрази задоволство што придонесува за одржување на веќе воспоставената практика на ова тело, седниците да се одржуваат во различни општини, по претходна покана од градоначалникот. На седницата се дискутираше за актуелните предизвици со кои се соочуваат општините, а беа разгледани и значајни предлог-документи од работењето на ЗЕЛС.

Управниот одбор донесе одлука Генералното собрание на ЗЕЛС, највисокото тело на Заедницата, да се одржи на 12 јуни 2024 година во Скопје, во хотелот „Александар Палас", со почеток во 12:00 часот. Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, го најави можното присуство на оваа седница на актуелниот мандатар за составување на новата влада, Христијан Мицкоски. Ѓорѓиевски посочи дека се очекува да биде презентиран пакетот мерки предвидени за подобрување на состојбите во локалната самоуправа, меѓу кои се и подготовките околу објавувањето на конкурс за распределба на средства од 250 милиони евра годишно, предвидени за финансирање на капитални проекти на општините. Во таа насока, претседателот на ЗЕЛС ги поттикна општините да бидат што пооперативни во подготовката на потребната документација, при што посочи дека доколку средствата во целост не бидат искористени во рамките на првиот повик, можно е да се објави дополнителен повик. Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, изрази оптимизам дека со настанатите промени во структурите на централната власт, соработката меѓу локалната власт со идната влада ќе се издигне на потребното ниво и дека ќе се тргне во подлабоки реформи на децентрализацијата и подобрување на финансиската стабилност на општините.

## KOMUNA QENDËR – NIKOQIRE E SEANCËS SË 21-TË TË BORDIT DREJTUES TË BNJVL-SË

Seanca e njëzet e një e Bordit drejtues të BNJVL-së u mbajt më 31 maj 2024, në hapësirat e Komunës Qendër. Në fillim të seancës kryetari i komunës, Goran Gerasimovski, u uroi mirëseardhje kolegëve të tij dhe shprehu kënaqësi që kontribuon për ruajtjen e praktikës tashmë të krijuar të këtij trupi që seancat të mbahen në komuna të ndryshme, pas ftesës së dërguar paraprakisht nga kryetari i komunës. Në seancë u diskutua për sfidat aktuale me të cilat ballafaqohen komunat, si dhe u shqyrtuan propozim-dokumentet e rëndësishme nga funksionimi i BNJVL-së.

Bordi drejtues mori vendim që Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së, trupi më i lartë i Bashkësisë, të mbahet më 12 qershor 2024 në Shkup, në hotelin "Aleksandar Palas", me fillim në orën 12:00. Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, paralajmëroi praninë e mundshme në këtë seancë të mandatarit aktual për formimin e qeverisë së re, Hristijan Mickoski. Gjorgjievski theksoi se pritet të prezantohet pakoja e masave të parapara për përmirësimin e gjendjes në vetëqeverisjen lokale, ndër të cilat janë edhe përgatitjet për shpalljen e konkursit për shpërndarjen e mjeteve në shumë prej 250 milionë Eurosh në vit, të parapara për financimin e projekteve kapitale të komunave. Në këtë drejtim, kryetari i BNJVL-së i inkurajoi komunat që të jenë sa më operative në përgatitjen e dokumentacionit të nevojshëm, duke theksuar se nëse mjetet nuk shfrytëzohen plotësisht në kuadër të thirrjes së parë, mund të shpallet një thirrje shtesë. Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, shprehu optimizëm se me ndryshimet e bëra në strukturat e pushtetit qendror, bashkëpunimi ndërmjet pushtetit lokal dhe qeverisë së ardhshme do të ngrihet në nivelin e duhur dhe se do të niset në reforma më të thella të decentralizimit dhe përmirësimit të stabilitetit financiar të komunave.



## Потребен е сериозен пристап за редовно плаќање на членарината кон ЗЕЛС

Управниот одбор ги разгледа Предлог-финансискиот и Наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година, даде позитивно мислење и препорака до Генералното собрание на ЗЕЛС за нивно усвојување. Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, ги образложи двата документа посочувајќи дека речиси целосно се реализирани предвидените активности, но и дека се спроведени и дополнителни активности што произлегле од одредени тековни состојби. Во однос на буџетот на ЗЕЛС, констатирано е дека нема дефицит и дека реализацијата е од околу 90 %. Поголемиот дел од расходите го опфаќаат одржувањето на електронските системи, спроведувањето на обуки за општинската администрација, спроведувањето активности на телата и органите на ЗЕЛС, тековни трошоци за административната зграда на ЗЕЛС, како и трошоци за платите на вработените. Беше нагласено дека долгот на општините кон ЗЕЛС од ненаплатена членарина изнесува околу 30 милиони денари и дека треба да се обезбеди сериозен пристап за надминување на овој предизвик со кој ЗЕЛС се соочува подолг период. И покрај достапните механизми за исплата на долгот на рати, голем број општини сè уште не ја исплаќаат редовно оваа обврска.

## Формирани две нови комисии при ЗЕЛС за прашања од животната средина и комуналните работи и од областа на социјалната заштита

Управниот одбор на ЗЕЛС ги усвои предлозите за формирање Комисија за животна средина и комунални дејности и Комисија за социјална заштита и социјална инклузија поради зголемениот фокус на активностите на ЗЕЛС во овие две области. Присутните ги усвоија и предлозите за членови во овие две тела, седум градоначалници во првата и десет градоначалници во втората комисија.

***Членови на Комисијата за животна средина се градоначалниците:***

1. *Стевче Стевановски, Општина Новаци*
2. *Миле Петков, Општина Виница*
3. *Стефче Трпковски, Општина Сопиште*
4. *Љупчо Папазов, Општина Кочани*
5. *Нухи Незири, Општина Теарце*
6. *Димчо Атанасовски, Општина Македонска Каменица*
7. *Еркан Арифи, Општина Липково.*

***Членови на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија се градоначалниците:***

1. *Максим Димитриевски, Општина Куманово*
2. *Митко Јанчев, Општина Кавадарци*

## Nevojitet qasje serioze për pagesë të rregullt të anëtarësisë ndaj BNJVL-së

Bordi drejtues shqyrtoi Propozim-Raportin financiar dhe Raportin narrativ të BNJVL-së për vitin 2023 dhe i dha mendim pozitiv dhe rekomandim Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së për miratimin e tyre. Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq i shpjegoi dy dokumentet, duke theksuar se aktivitetet e planifikuara janë realizuar pothuajse në tërësi, por edhe se janë zbatuar aktivitete shtesë që janë rezultat i gjendjeve të caktuara aktuale. Në lidhje me buxhetin e BNJVL-së, është konstatuar se nuk ka deficit dhe realizimi i tij është rreth 90%. Pjesa më e madhe e shpenzimeve kanë të bëjnë me mirëmbajtjen e sistemeve elektronike, realizimin e trajnimeve për administratën komunale, zbatimin e aktiviteteve të trupave dhe organeve të BNJVL-së, shpenzimet aktuale për ndërtesën administrative të BNJVL-së si dhe shpenzimet për pagat e të punësuarve. U theksua se borxhi i komunave ndaj BNJVL-së nga anëtarësia e papaguar është rreth 30 milionë denarësh dhe se duhet të ndërmerret një qasje serioze për tejkalimin e kësaj sfide me të cilën BNJVL-ja ballafaqohet tashmë një periudhë më të gjatë. Edhe përkundër mekanizmave në dispozicion për shlyerjen e borxhit me këste, një numër i madh i komunave ende rregullisht nuk e paguajnë këtë detyrim.

## Formohen dy komisione të reja në kuadër të BNJVL-së, për ceshtje të mjedisit jetësor dhe veprimtarive komunale dhe nga lëmia e mbrojtjes sociale

Bordi drejtues i BNJVL-së i miratoi propozimet për formimin e Komisionit për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale dhe Komisionit për mbrojtje sociale dhe përfshirje sociale për shkak të fokusit të rritur të aktiviteteve të BNJVL-së në këto dy sfera. Të pranishmit miratuan edhe propozimet për anëtarë në këto dy trupa, shtatë kryetarë komunash në komisionin e parë dhe dhjetë kryetarë komunash në komisionin e dytë.

***Anëtarë të Komisionit për mjedis jetësor janë kryetarët e komunave:***

1. *Stevçe Stevanovski, Komuna e Novacit*
2. *Mile Petkov, Komuna e Vinicës*
3. *Stefçe Tërpkovski, Komuna e Sopishtës*
4. *Ljupço Papazov, Komuna e Koçanit*
5. *Nuhi Neziri, Komuna e Tearcës*
6. *Dimço Atanasovski, Komuna e Makedonska Kamenicës*
7. *Erkan Arifi, Komuna e Likovës*

***Anëtarë të Komisionit për mbrojtje sociale dhe përfshirje sociale janë kryetarët e komunave:***

1. *Maksim Dimitrievski, Komuna e Kumanovës*
2. *Mitko Jançev, Komuna e Kavadarit*





*3. Ридван Ибраими, Општина Арачиново*
*4. Бобан Стефковски, Општина Гази Баба*
*5. Горан Трајковски, Општина Делчево*
*6. Марко Колев, Општина Велес*
*7. Билал Касами, Општина Тетово*
*8. Борче Јовчески, Општина Прилеп*
*9. Горан Герасимовски, Општина Центар*
*10. Иван Јорданов, Општина Штип*

**Општина Радовиш избрана да биде домаќин на претставници од една општина од Украина**

Управниот одбор гласаше Општина Радовиш да биде домаќин на претставниците од една општина од Украина, како дел од реализација на проектот „Нов бран на соработка“, спроведен од програмата U-LEAD со Европа - размена на искуства со општина од Украина. Повикот за овој проект беше доставен до сите општини, со услов општината која ќе изрази интерес, да ја има подмирено обврската за членарина кон ЗЕЛС. Проектот се однесува на воспоставување на партнерство и соработка преку учење и размена на искуства во насока на зајакнување на капацитетите на општините во Украина.

На седницата беа изнесени и конкретни предизвици со кои се соочуваат локалните самоуправи, а кои би биле предмет на примарна дискусија на ЗЕЛС со новата влада. Во таа насока беше предложено до сите општини да се испратат за дополнување Систематизираните ставови на ЗЕЛС, документ што го ревидираше Управниот одбор на последната седница одржана минатата година, а во кој веќе се детектирани конкретни барања од општините до централната власт. По дополнувањето со нови предлози од општините, документот ќе се презентира на првата средба со новата влада. Беше нагласено дека од приоритетно значење е и потпишувањето на нов Меморандум за соработка на ЗЕЛС и Владата на РСМ, документ за чие потпишување ЗЕЛС чека повеќе од две години.

**Вклучување на сите релевантни фактори во државата околу третманот и згрижување на кучињата скитници - став на ЗЕЛС**

Од актуелните предизвици присутните ја нагласија потребата од решавање на состојбата со третман и згрижување на кучињата скитници. Ова прашање неопходно е да се издигне на повисоко ниво и со вклучување на сите релевантни фактори во државата. Потребна е сеопфатна анализа на состојбите и утврдување на конкретни ингеренции за надлежните органи, како за обврските така и за нивното финансирање. Засега општините се изложени на огромни трошоци околу спроведувањето на самиот третман на кучињата бездомници, потоа околу обезбедувањето услови за нивно згрижување и дополнително на сето тоа, сè почесто се соочуваат со

*3. Ridvan Ibraimi, Komuna e Haraçinës*
*4. Boban Stefkovski, Komuna e Gazi Babës*
*5. Goran Trajkovski, Komuna e Dellçevës*
*6. Marko Kolev, Komuna e Velesit*
*7. Bilall Kasami, Komuna e Tetovës*
*8. Borçe Jovçeski, Komuna e Prilepit*
*9. Goran Gerasimovski, Komuna Qendër*
*10. Ivan Jordanov, Komuna e Shtipit*

**Komuna e Radovishit zgjidhet të jetë nikoqir i përfaqësuesve të një komune nga Ukraina**

Bordi drejtues mori vendim që Komuna e Radovishit të jetë nikoqire e përfaqësuesve të një komune nga Ukraina, si pjesë e zbatimit të projektit “Vala e re e bashkëpunimit”, të zbatuar nga Programi U-LEAD me Evropën - shkëmbim përvojash me një komunë nga Ukraina. Thirrja për këtë projekt iu dërgua të gjitha komunave, me kusht që komuna që do të shprehë interesim të ketë shlyer obligimin për anëtarësi ndaj BNJVL-së. Projekti i referohet krijimit të partneritetit dhe bashkëpunimit përmes mësimit dhe shkëmbimit të përvojave në drejtim të forcimit të kapaciteteve të komunave në Ukrainë.

Në seancë u prezantuan edhe sfida konkrete me të cilat ballafaqohen vetëqeverisjet lokale, të cilat do të ishin temë e diskutimit parësor të BNJVL-së me qeverinë e re. Në këtë drejtim, u propozua që të gjitha komunave t'u dërgohen për plotësim Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së, dokument të cilin e rishikoi Bordi drejtues në seancën e fundit të mbajtur vitin e kaluar, në të cilin tashmë janë detektuar kërkesat konkrete të komunave për pushtetin qendror. Pas plotësimit të tij me propozime të reja nga komunat, dokumenti do të prezantohet në mbledhjen e parë me qeverinë e re. U theksua se me rëndësi prioritare është nënshkrimi i Memorandumit të ri për bashkëpunim ndërmjet BNJVL-së dhe Qeverisë së RMV-së, dokument për nënshkrimin e të cilit BNJVL-ja pret më shumë se dy vjet.

**Përfshirje e të gjithë faktorëve relevantë në vend rreth trajtimit dhe strehimit të qenve endacakë – qëndrim i BNJVL-së**

Ndër sfidat aktuale, të pranishmit theksuan nevojën për zgjidhjen e gjendjes me trajtimin dhe strehimin e qenve endacakë. Kjo çështje duhet të ngrihet në një nivel më të lartë edhe me përfshirjen e të gjithë faktorëve relevantë në vend. Nevojitet një analizë gjithëpërfshirëse e situatës dhe përcaktimi i kompetencave specifike për autoritetet kompetente, si në pjesën e detyrimeve ashtu edhe në pjesën e financimit të tyre. Komunat për tani janë të ekspozuara ndaj shpenzimeve shumë të mëdha për zbatimin e trajtimit të qenve të pastrehë, pastaj për sigurimin e kushteve për strehimin e tyre dhe krahas gjithë kësaj, ato gjithnjë e më shpesh ballafaqohen me






исплаќање на огромни средства по добиените тужбени барања од граѓаните, за каснување од куче. Беше изнесено сознание дека е изработен Предлог-закон за измени и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните и дека е стигнат во собраниска постапка, но дека претходно не е доставен на мислење до ЗЕЛС. Побарано беше да се обезбеди Предлог-законот и да се достави на изјаснување од сите општини, по што ќе се пристапи кон изработка на иницијативи за негово дополнување и измени.

**Реактивирани прашањата околу неисплатените средства за одржување, реконструкција и рехабилитација на локалните патишта, но и за наплата на комунална такса за јавно осветлување**

Управниот одбор на минатата седница го разгледа Извештајот од спроведената ревизија во Јавното претпријатие за државни патишта, каде за периодот од 2017 до 2023 година беше утврдено дека не е спроведена законски утврдената распределба на собраните средства наменети за општините за одржување, реконструкција и рехабилитација на локалните патишта. По тој повод, ЗЕЛС упати прашање до сите општини дали се согласни ЗЕЛС во име на општините да ангажира адвокат за надоместување на овие неисплатени средства, но пристигнаа мал број одговори. Поради тоа на оваа седница повторно беше отворено ова прашање за кое Управниот одбор донесе заклучок од Државниот завод за ревизија да се побара да ги достави до ЗЕЛС сите податоци во однос на распределбата на средствата, одделно по општина, за да се изврши анализа, која потоа ќе биде испратена до Владата на РСМ со барање за ретроактивно надоместување на неисплатените средства. Присутните нагласија дека не се запазува и редовноста за тековните исплаќања, па веќе подолг период општините не добиле ниту денар за оваа намена.

Финансиски загуби трпат општините и кај средствата што им ги префрла ЕВН од наплатата за јавното осветлување. ЕВН во име на општините ја наплатува оваа комуналната такса, но притоа општините не добиваат никаков извештај колкав е фактурираниот, а колкав е наплатениот износ по овој основ. Врз основа на некои сопствени истражувања што ги направиле одредени општини, утврдено е дека разликата е доста голема и е на штета на општините, а уште поголем предизвик е што ЕВН не поднесува тужби за оние корисници кои воопшто не ја плаќаат оваа комунална такса. Беше предложено да се испрати писмено барање до ЕВН да ги достави податоците поединечно за секоја општина, а потоа ЗЕЛС да организира средба со претставници од менаџментот на компанијата.



pagesën e mjeteve të mëdha për shkak të padive të ngritura nga qytetarët, për kafshime nga qentë. Është informuar se është përgatitur një Projektligj për ndryshime dhe plotësime të Ligjit për mbrojtjen dhe mirëqenien e kafshëve dhe se ai ka arritur në procedurë parlamentare, por paraprakisht i njëjti nuk i është dorëzuar BNJVL-së për mendim. Është kërkuar që të sigurohet Projektligji dhe i njëjti t'u dërgohet për mendim të gjitha komunave, kështu që pastaj do t'i qaset përgatitjes së iniciativave për plotësime dhe ndryshime të tija.

**U riaktivizuan çështjet për mjetet e papaguara për mirëmbajtje, rindërtim dhe rehabilitim të rrugëve lokale, por edhe për arkëtimin e mjeteve të taksës komunale për ndriçim rrugor**

Bordi drejtues në seancën e kaluar shqyrtoi Raportin e auditimit të kryer në Ndërmarrjen Publike për Rrugët Shtetërore, ku është konstatuar se për periudhën nga viti 2017 deri në vitin 2023 nuk është zbatuar shpërndarja e obliguar me ligj e mjeteve të grumbulluara të dedikuara për komunat për mirëmbajtje, rindërtim dhe rehabilitim të rrugëve lokale. Me atë rast, BNJVL-ja u dërgoi pyetje të gjitha komunave nëse pajtohen që BNJVL-ja në emër të komunave të angazhojë avokat për t'i përfaqësuar për kompensimin e këtyre mjeteve të papaguara, por ka ardhur një numër i vogël i përgjigjeve. Prandaj, në këtë seancë, kjo çështje u hap sërish, pas së cilës Bordi drejtues mori konkluzion që të kërkohet nga Enti Shtetëror i Revizionit që t'ia dorëzojë BNJVL-së të gjitha të dhënat për shpërndarjen e mjeteve ndaras për çdo komunë, për t'u bërë analizë, e cila më pas do t'i dërgohet Qeverisë së RMV-së me një kërkesë për rimbursim (kompensim) retroaktiv të mjeteve të papaguara. Të pranishmit theksuan se nuk respektohet rregullsia e pagesave rrjedhëse, kështu që komunat për një periudhë më të gjatë nuk kanë marrë asnjë denarë për këtë qëllim.

Komunat pësojnë humbje financiare edhe në pjesën e mjeteve që EVN-ja ua transferon nga arkëtimi i mjeteve për ndriçim publik. EVN-ja arkëton mjete nga pagesa e kësaj takse komunale në emër të komunave, por komunat nuk marrin asnjë raport se sa është shuma e faturuar, e sa është shuma e paguar në këtë bazë. Në bazë të disa hulumtimeve vetanake që i kanë bërë disa komuna, është konstatuar se dallimi është mjaft i madh dhe është në dëm të komunave, ndërsa sfidë edhe më e madhe është se EVN-ja nuk ngre padi për ata shfrytëzues që nuk e paguajnë fare këtë taksë komunale. U propozua që t'i dërgohet kërkesë me shkrim EVN-së për t'i dorëzuar të dhënat individualisht për secilën komunë, e më pas BNJVL-ja të organizojë takim me përfaqësues të menaxhmentit të kompanisë.



## ДЕВЕТ ОПШТИНИ ГИ НАДГРАДУВААТ СВОИТЕ ЗНАЕЊА ЗА КРЕИРАЊЕ НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ПО МЕРКА НА КОРИСНИЦИТЕ

Претставници од општинската администрација и од организации што се даватели на социјални услуги од општините: Куманово, Делчево, Прилеп, Кочани, Новаци, Валандово, Тетово, Арачиново и Свети Николе, на 6 и 7 јуни 2024 година, во Скопје, проследија обука на која се дискутираше за можностите за креирање на нови социјални услуги или надградување на постојните услуги, наменети за социјалните потреби на населението во нивната општина. Овие општини се пријавија на јавниот повик на ЗЕЛС за учество во Кластерот за учење за нови социјални услуги за рехабилитација и реинтеграција од регионалниот проект „Регионална соработка за подобра социјална инклузија", што го спроведува ЗЕЛС за нашите општини, а е имплементиран од НАЛАС, со финансиска поддршка од ГИЗ.

Присутните беа запознаени со повеќе теми, како: што преставува концептот - услуги на грижа во заедницата; кои фази ги опфаќа процесот на воспоставување на услуги на грижа во заедницата; која е улогата на локалните власти во процесот на воспоставување и испорака на услугата и кои се начините и законските можности за обезбедување на финансиска поддршка за испорака на социјални услуги. Преку комбинирање на теоретски и практични искуства, присутните беа поттикнувани да дискутираат и да размислуваат за креирање на нови социјални услуги во согласност со потребите на населението. Беше објаснето како методолошки се воспоставуваат, организираат и спроведуваат услуги за грижа во заедницата, по што следуваше практична работа, во групи и парови (општина со давател на услуга), на развивање на општински концепти за воспоставување или проширување на социјалните услуги. Особено внимание беше посветено на зајакнување на знаењата и компетенциите за воспоставување на услуги на дневен престој и услуга на мобилна и теренска работа, согласно со националното законодавство. Беше нагласено дека димензиите на човековите права, попреченоста и родовата еднаквост треба да се вклучат и зајакнат во процесот на дизајнирање и спроведување на услугите за грижа и зајакнување на свеста за потребата од градење

## NËNTË KOMUNA AVANCOJNË NJOHURITË E TYRE PËR KRIJIMIN E SHËRBIMEVE TË REJA SOCIALE SIPAS NEVOJAVE TË PËRDORUESVE

Përfaqësues të administratës komunale dhe organizatave që janë ofrues të shërbimeve sociale nga komunat: Kumanovë, Dellçevë, Prilep, Koçan, Novaci, Vallandovë, Tetovë, Haraçinë dhe Sveti Nikollë, më 6 dhe 7 qershor 2024, në Shkup, ndoqën një trajnim në të cilin u diskutua për mundësitë për krijimin e shërbimeve të reja sociale ose përmirësimin e shërbimeve ekzistuese, të dedikuara për nevojat sociale të popullatës në komunën e tyre. Këto komuna u paraqitën për thirrjen publike të BNJVL-së për të marrë pjesë në Klasterin e mësimit për shërbime të reja sociale për rehabilitim dhe riintegrim në kuadër të projektit rajonal "Bashkëpunimi rajonal për përfshirje më të mirë sociale", të cilin e zbaton BNJVL-ja për komunat tona, ndërsa implementohet nga NALAS-i, me mbështetje financiare nga GIZ.

Të pranishmit u informuan lidhur me disa tema, siç janë: çfarë përfaqëson koncepti - shërbimet e kujdesit në komunitet; cilat faza i përfshin procesi i themelimit të shërbimeve të kujdesit në komunitet; cili është roli i autoriteteve lokale në procesin e themelimit dhe zbatimit të shërbimit dhe cilat janë mënyrat dhe mundësitë ligjore për sigurimin e mbështetjes financiare për zbatimin e shërbimeve sociale. Duke kombinuar përvojat teorike dhe praktike, të pranishmit u nxitën të diskutojnë dhe të mendojnë për krijimin e shërbimeve të reja sociale në përputhje me nevojat e popullatës. U shpjegua se si themelohen, organizohen dhe zbatohen shërbimet e kujdesit në komunitet në mënyrë metodologjike, e pastaj vijonte puna praktike, në grupe dhe çifte (komuna me ofruesin e shërbimit) për zhvillimin e koncepteve komunale për themelimin ose zgjerimin e shërbimeve sociale. Vëmendje e veçantë iu kushtua forcimit të njohurive dhe kompetencave për themelimin e shërbimeve të qëndrimit ditor dhe shërbimit të punës mobile dhe në terren, në përputhje me legjislacionin kombëtar. U theksua se dimensionet e të drejtave të njeriut, aftësisë së kufizuar dhe barazisë gjinore duhet të përfshihen dhe forcohen në procesin e projektimit dhe zbatimit të shërbimeve të kujdesit dhe forcimit të ndërgjegjësimit për nevojën e ndërtimit të partneriteteve publiko-private në





на јавно - приватни партнерства во процесот на градење на инклузивни општини и локализација на Агендата 2030 .

Беа изнесени примери на услуги кои им овозможуваат на поединците да живеат во заедница, да растат во семејна средина, наспроти нивно сместување во институција. Кај нас, услугите во заедницата опфаќаат: дневни услуги, услуги за привремен престој, услуга за одмена на семејна грижа и куќа на пола пат. На обуката беа дискутирани успешни примери на рехабилитација и реинтеграција, меѓу кои и примерите од општините: Делчево, Куманово и Кавадарци. Беше претставен и примерот на Општина Прилеп, каде што успешно е препознаена важноста од партнерството на локалната самоуправа со давателот на услуга, со што е овозможено креирање на социјални услуги по мерка на корисниците. Од голема полза за присутните на обуката беше токму споделувањето на ваквите искуства што произлегуваат од добро воспоставената соработка меѓу општината и давателот на услуга.

procesin e ndërtimit të komunave gjithëpërfshirëse dhe lokalizimit të Agjendës 2030.

U prezantuan shembuj të shërbimeve që u mundësojnë individëve të jetojnë në komunitet, të rriten në një mjedis familjar, kundrejt strehimit të tyre në një institucion. Në vendin tonë, shërbimet në komunitet përfshijnë: shërbimet ditore, shërbimet për qëndrim të përkohshëm, shërbimin për largimin nga kujdesi familjar dhe shtëpisë në gjysmë të rrugës. Në trajnim u diskutuan edhe shembuj të suksesshëm të rehabilitimit dhe riintegrimit, duke përfshirë shembuj nga komunat: Dellçevë, Kumanovë dhe Kavadar. U prezantua edhe shembulli i Komunës së Prilepit, ku me sukses u vlerësua rëndësia e partneritetit të vetëqeverisjes lokale me ofruesin e shërbimeve, duke mundësuar krijimin e shërbimeve sociale sipas nevojave të përdoruesve. Një përfitim i madh për të pranishmit në trajnim ishte pikërisht ndarja e përvojave të këtilla që dalin nga bashkëpunimi i mirëfilltë ndërmjet komunës dhe ofruesit të shërbimeve.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС СЕ ОБРАТИ НА САМИТОТ ЗА ЗЕЛЕНА МОБИЛНОСТ ШТО СЕ ОДРЖА ВО САРАЕВО

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, учествуваше на Самитот за зелена мобилност што се одржа на 6 и 7 јуни 2024 година, во Сараево (Босна и Херцеговина), каде што преку реализација на бројните панели беше овозможено да се разменуваат знаења и искуства за промовирање на одржлива мобилност, односно за спроведување на паметни и флексибилни транспортни решенија. Станува збор за самит на кој учествуваа високи претставници од централната и од локалната власт од земјите од Западен Балкан, како и од европските земји и од органите и телата на Европската Унија, заедно со бројни експерти и претставници од организации кои работат во оваа област. Во рамките на Самитот се одржа и Саем на иновации за одржлива мобилност.

Претседателот на ЗЕЛС се обрати пред присутните на вториот ден од Самитот, на таканаречениот политички ден, кога свои излагања имаа високи функционери, министри и градоначалници. Се говореше за темите за инвестирање во зелена инфраструктура - клуч за одржлива европска иднина; за одржлива урбана мобилност; од идеи до имплементација - што може да се научи од акциите за одржлива мобилност и за други теми, важни за остварување на Зелената агенда. Посебен интерес предизвикаа пленарните сесии: „Се движиме кон мобилност со нулта емисија: научена лекција од регионите" и „Премостување на јазот помеѓу локалните и националните власти за промовирање на одржлива мобилност".

### Општините имаат клучна улога за реализација на концептот на зелена транзиција - недостасуваат финансиски средства

Како претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) тој во своето излагање нагласи дека градовите и општините имаат клучна улога

## KRYETARI I BNJVL-SË MBAJTI FJALIM NË SAMITIN PËR MOBILITET TË GJELBËR QË U MBAJT NË SARAJEVË

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski mori pjesë në Samitin e mobilitetit të gjelbër që u mbajt më 6 dhe 7 qershor 2024, në Sarajevë (Bosnje dhe Hercegovinë), ku përmes realizimit të paneleve të shumta u mundësua shkëmbimi i njohurive dhe përvojave lidhur me promovimin e mobilitetit të qëndrueshëm, përkatësisht për zbatimin e zgjidhjeve të zgjuara dhe fleksibile të transportit. Bëhet fjalë për një samit në të cilin morën pjesë përfaqësues të lartë të pushtetit qendror dhe lokal nga vendet e Ballkanit Perëndimor, si dhe të vendeve evropiane dhe trupave dhe organeve të Bashkimit Evropian, së bashku me ekspertë dhe përfaqësues të shumtë të organizatave që punojnë në këtë sferë. Në kuadër të samitit u mbajt edhe Panairi i inovacioneve për mobilitetin e qëndrueshëm.

Kryetari i BNJVL-së foli para të pranishmëve në ditën e dytë të Samitit, në të ashtuquajturën ditë politike, kur zyrtarë të lartë, ministra dhe kryetarë komunash patën fjalimet e tyre. U fol për temat e investimit në infrastrukturën e gjelbër – çelës për një të ardhme të qëndrueshme evropiane, për mobilitetin e qëndrueshëm



во реализирањето на концептот за зелена транзиција, и тоа не само во доменот на транспортот, туку во целокупниот развој на локалната економија. Тоа се должи на фактот што 70 % од релевантните политики и од законодавството за животна средина и зелена енергија на Европската Унија, усвоени на национално ниво, подразбираат нивна реализација на локално ниво. Но, реализацијата на ваквите високо поставени цели за заштита на животната средина и на биодиверзитетот подразбира и вложување на огромни финансиски средства што недостасуваат во земјите од Западен Балкан. Тој нагласи дека поддршката на граѓаните за спроведување на Зелената агенда, чија цел меѓу другото е и нашиот континент до 2050 да стане јаглеродно неутрален, е висока. Справувањето со овие прашања бара суштински промени во урбаната инфраструктура, транспортните системи и изворите на енергија, што можат да бидат доста сложени и кои бараат обезбедување на огромни финансиски средства. Затоа, императив е градовите и регионите да бидат поддржани во забрзувањето на нивната транзиција кон еколошки и дигитално напредни урбани средини.

### Потребна реализација на „зелени проекти“ во сите општини подеднакво

Ѓорѓиевски говореше и за состојбите во нашата земја, особено на локално ниво, при што посочи дека се преземаат низа активности кои треба да обезбедат генерално подобрување на состојбите, но и дека тоа не се проекти што се спроведуваат подеднакво во сите општини. „Неколку општини донесоа планови за урбана мобилност кои се во согласност со новата рамка на урбана мобилност на Европската Унија. Тоа значи, предност на велосипедите и велосипедските патеки, наспроти сообраќајниците и автомобилите; предност на зеленилото наспроти бетонизацијата; примена на обновливи извори на енергија и паметни алатки за уличното осветлување; водење грижа за енергетската ефикасност и друго. Работиме и кон подигање на јавната свест за селекција на отпадот и значењето на циркуларната економија, како и за намалување на потрошувачката и користење на помалку природни ресурси од порано. Во доменот на можностите даваме поддршка и на локалната економија во насока на нејзина полесна зелена транзиција“, изјави претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски.

Во рамките на одржувањето на Самитот, Ѓорѓиевски оствари и билатерални средби со високи претставници од централната и локалната власт на кои се дискутираше за



urban, nga idetë deri te zbatimi - çfarë mund të mësohet nga veprimet për mobilitetin e qëndrueshëm dhe për tema të tjera, të rëndësishme për realizimin e Agjendës së gjelbër. Një interes të veçantë shkaktuan seancat plenare: – “Lëvizemi drejt mobilitetit me emetime zero: mësimet e nxjerra nga rajonet” dhe “Tejkalimi i hendekut midis autoriteteve lokale dhe atyre kombëtare për të promovuar mobilitetin e qëndrueshëm”.

### Komunat kanë rol kryesor në realizimin e konceptit të tranzicionit të gjelbër – mungojnë mjete financiare

Si kryetar i Bashkësisë së Njësive të Vetëqeverisjes Lokale (BNJVL), ai në fjalimin e tij theksoi se qytetet dhe komunat kanë rol kryesor në realizimin e konceptit të tranzicionit të gjelbër, jo vetëm në sferën e transportit, por edhe në zhvillimin e përgjithshëm të ekonominë lokale. Ky është rezultat i faktit se 70% e politikave relevante dhe legjislacionit për mjedisin jetësor dhe energjinë e gjelbër të Bashkimit Evropian, të miratuara në nivel kombëtar, nënkuptojnë zbatimin e tyre në nivel lokal. Por, realizimi i qëllimeve të këtilla të vendosura lart për mbrojtjen e mjedisit jetësor dhe të biodiversitetit nënkupton edhe investimin e mjeteve shumë të mëdha financiare që mungojnë në vendet e Ballkanit Perëndimor. Ai theksoi se mbështetja e qytetarëve për zbatimin e Agjendës së gjelbër, qëllimi i së cilës ndër të tjera është që deri në vitin 2050, kontinenti ynë të jetë neutral ndaj karbonit, është i lartë. Ballafaqimi me këto çështje kërkon ndryshime thelbësore në infrastrukturën urbane, sistemet e transportit dhe burimet e energjisë, të cilat mund të jenë mjaft komplekse dhe kërkojnë sigurimin e mjeteve shumë të mëdha financiare. Prandaj, është imperativ që qytetet dhe rajonet të mbështeten në përshpejtimin e tranzicionit të tyre drejt mjediseve ekologjike dhe të avancuara digjitale urbane.

### Nevojitet realizimi i “projekteve të gjelbra” në të gjitha komunat në mënyrë të barabartë

Gjorgjievski foli edhe për gjendjen në vendin tonë, veçanërisht në nivel lokal, ku theksoi se janë duke u ndërmarrë një sërë aktivitetesh të cilat duhet të sigurojnë përmirësim të përgjithshëm të gjendjes, por se ato nuk janë projekte që realizohen në mënyrë të barabartë në të gjitha komunat. “Disa komuna miratuan plane për mobilitet urban që janë në përputhje me Kornizën e Re të Mobilitetit Urban të Bashkimit Evropian. Kjo do të thotë një përparësi e biçikletave dhe shtigjeve për biçikleta kundrejt rrugëve dhe automobilave; përparësi e gjelbërimit kundrejt betonizimit; zbatim i burimeve të rinovueshme të energjisë dhe mjeteve të zgjuara për ndriçimin e rrugëve; pastaj mbajtje llogarie për efikasitetin energjetik dhe të tjera. Ne po punojmë gjithashtu për të ngritur vetëdijen e opinionit për selektimin e mbeturinave dhe rëndësinë e ekonomisë cirkulare, si dhe për reduktimin e konsumit dhe përdorimin e më pak burimeve natyrore se më parë. Në bazë të mundësive që i kemi, i japim mbështetje ekonomisë lokale në drejtim të tranzicionit të saj të gjelbër më të lehtë”, deklaroi kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski.

Në kuadër të mbajtjes së Samitit, Gjorgjievski realizoi edhe takime bilaterale me përfaqësues të lartë të pushtetit qendror dhe atë lokal, në të cilat diskutoi për përvojat

искуствата од спроведувањето на успешните сообраќајни решенија кои можат да бидат пресликани и во нашите општини и во Град Скопје. Се сретна со заменик-градоначалникот на Сараево, Самир Авдиќ; со директорот на Транспортната заедница, Матеј Закоњшек; со премиерот на Кантонот Сараево, Нихад Ук, со министерот за сообраќај во Кантонот Сараево, Аднан Штета; како и со високиот претставник за Босна и Херцеговина, германскиот дипломат Кристијан Шилинг. Дискусиите се однесуваа и за електрификација и за инвестирање во велосипедска инфраструктура, со што приоритет му се дава на еколошкиот начин на транспорт, но се говореше и за многу други „зелени" и флексибилни транспортни решенија што може да се применат и во нашите општини.

për zbatimin e zgjidhjeve të suksesshme të trafikut që mund të zbatohen edhe në komunat tona dhe në Qytetin e Shkupit. Ai u takua me zëvendës-kryetarin e Komunës së Sarajevës, Samir Avdiq, drejtorin e Komunitetit të Transportit, Matej Zakonjshek, Kryeministrin e Kantonit të Sarajevës, Nihad Uk, Ministrin e Trafikut në Kantonin e Sarajevës, Adnan Shteta, si dhe me përfaqësuesin e lartë për Bosnje-Hercegovinën, diplomatin gjerman Kristijan Shiling. Diskutimet kishin të bënin edhe me elektrifikimin dhe investimet në infrastrukturën e biçikletave, me të cilat i jepet përparësi mënyrës ekologjike të transportit, por u fol edhe për shumë zgjidhje të tjera "të gjelbra" dhe fleksibile transporti që mund të aplikohen edhe në komunat tona.

## НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ЈА ОДРЖА ПЕТТАТА СЕДНИЦА

Надзорниот одбор на ЗЕЛС, на 12 јуни 2024 година, ја одржа петтата седница на која дискутираше за Финансискиот извештај на ЗЕЛС и Наративниот извештај за активностите на ЗЕЛС реализирани во 2023 година. Беше констатирана реализација од 90 % на буџетот, на приходната страна, како и на трошоците. Беше посочено дека состојбата со буџетот оваа година е многу подобра од минатата, каде беше констатирана мала загуба. Поголемиот дел од расходите опфаќаат: одржување на електронските системи, спроведување обуки за општинската администрација и тековни трошоци за плати. И во 2023 година во однос на приходите останува предизвикот со целосната наплата на членарината на членките. Бројките покажуваат дека заклучно со 2023 година долгот е околу 23 милиони денари, додека ако се вклучи и 2024 година, тој би изнесувал околу 35 милиони денари. И покрај достапните механизми за исплата на долгот на рати, голем број општини сè уште не ја спроведуваат редовно оваа обврска кон ЗЕЛС. Оттука, беше апелирано за редовно плаќање на членарината и користење на утврдените можности за склучување договор со ЗЕЛС за исплаќање на долгот на рати. Надзорниот одбор даде позитивно мислење за Предлог-финансискиот и Наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година и му предложи на Генералното собрание на ЗЕЛС да ги усвои. Под точката разно, беше апелирано, доколку продолжи трендот на ниска наплата на членарината, да се размисли за воведување на нови мерки со кои наплатата би се подобрила.

## BORDI MBIKËQYRËS I BNJVL-SË MBAJTI SEANCËN E PESTË

Më 12 qershor 2024, Bordi mbikëqyrës i BNJVL-së mbajti seancën e pestë në të cilën u diskutua për Raportin financiar të BNJVL-së dhe Raportin narrativ për aktivitetet e BNJVL-së të realizuara në vitin 2023. U konstatua se realizimi i buxhetit, sa i përket të ardhurave dhe të shpenzimeve, është 90%. U theksua e gjendja me buxhetin këtë vit është shumë më e mirë se vitin e kaluar, ku u konstatua një humbje e vogël. Pjesa më e madhe e të ardhurave ka të bëjë mirëmbajtjen e sistemeve elektronike, zbatimin e trajnimeve për administratën komunale dhe shpenzimet rrjedhëse për pagat. Edhe në vitin 2023, sa i përket të ardhurave, sfidë mbetet arkëtimi i plotë i mjeteve të anëtarësisë së anëtarëve. Shifrat tregojnë se përfundimisht me vitin 2023, borxhi është rreth 23 milionë denarësh, ndërsa nëse përfshihet edhe viti 2024, ai do të ishte rreth 35 milionë denarësh. Edhe përkundër mekanizmave që janë në dispozicion për pagesën e borxhit me këste, një numër i madh i komunave ende nuk e shlyejnë rregullisht këtë obligim ndaj BNJVL-së. Prandaj, u bë apel për pagesë të rregullt të mjeteve të anëtarësisë dhe shfrytëzim të mundësive të përcaktuara për lidhje të një marrëveshjeje me BNJVL-në për shlyerjen e borxhit me këste. Bordi mbikëqyrës ka dhënë mendim pozitiv për draft Raportin financiar dhe narrativ të BNJVL-së për vitin 2023 dhe i ka propozuar Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së që t'i miratojë ato. Nën pikën Të ndryshme, u apelua që nëse vazhdon trendi i arkëtimit të ulët të mjeteve të anëtarësisë, të mendohet për aplikim të masave të reja që do të përmirësonin arkëtimin e mjeteve të anëtarësisë.






## ПОДАДЕНА РАКА ЗА ОТВОРЕН ДИЈАЛОГ МЕЃУ ИДНАТА ВЛАДА И ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

Генералното собрание на ЗЕЛС, највисокото тело на Заедницата, составено од 81 градоначалник и 9 претставници од општинските совети, членови на Комитетот на советите при ЗЕЛС, на 12 јуни 2024 година, во Скопје ја одржа шестата седница. На овој настан, на покана од ЗЕЛС, присуствуваше и мандатарот за формирање нова влада, Христијан Мицкоски, кој се обрати пред делегатите и ги изнесе ставовите и заложбите на идната извршна власт за обезбедување заемна соработка за унапредување на процесот на децентрализација на власта во земјата и обезбедување подобра финансиска стабилност на општините. Тој посочи дека соработката на извршната со локалната власт ќе претставуваат важен приоритет на идната влада. Говореше дека условите за живот на населението задолжително мора да се подобруваат и не смее да се дозволи граѓаните да немаат асфалтиран пат или канализациска мрежа, па затоа општините ќе добијат поддршка за реализирање на капитални проекти за кои граѓаните имаат потреба. Притоа Мицкоски ги охрабри општините да подготвуваат проекти бидејќи се планира по спроведувањето ребаланс на буџетот, некаде во втората половина на август, да се објави јавен повик за општините да аплицираат за капитални проекти. За таа намена се планираат најмалку 100 милиони евра, но доколку е возможно и повеќе. Веќе следната година, во јануари или на почетокот на февруари, се планира од буџетот да бидат обезбедени 250 милиони евра за капитални инвестиции за општините. „Нашата цел е за првите четири години од мандатот да допреме до 400 илјади домаќинства и да им ги решиме основните егзистенцијални, суштински проблеми. Знам дека станува збор за амбициозна група градоначалници, без разлика на политичката припадност, кои се спремни да дадат сè од себе и во оваа и на почетокот на следната година, да обезбедат соодветни проекти, да аплицираат за средства и истите да ги реализираат, во интерес на нашите граѓани“ , изјави Мицкоски во своето обраќање.

## DORË E SHTRIRË PËR DIALOG TË HAPUR NDËRMJET QEVERISË SË ARDHSHME DHE PUSHTETIT LOKAL

Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së, organi më i lartë i Bashkësisë, i përbërë nga 81 kryetarë komunash dhe 9 përfaqësues të këshillave komunale, anëtarë të Komitetit të Këshillave pranë BNJVL-së, e mbajti seancën e gjashtë më 12 qershor 2024, në Shkup. Në këtë ngjarje, me ftesë të BNJVL-së, ishte i pranishëm edhe mandatari për formimin e qeverisë së re, Hristijan Mickovski, i cili foli para delegatëve dhe prezantoi qëndrimet dhe zotimet e pushtetit të ardhshëm ekzekutiv për të siguruar bashkëpunim të ndërsjellë për avancimin e procesit të decentralizimit të pushtetit në vend dhe për të siguruar të një stabiliteti më të mirë financiar të komunave. Ai theksoi se bashkëpunimi i pushtetit ekzekutiv me atë lokal do të jetë prioritet i rëndësishëm i qeverisë së ardhshme. Ai tha se kushtet e jetesës së popullatës domosdoshmërisht duhet të përmirësohen dhe se nuk guxon të lejohet që qytetarët të mos kenë rrugë të asfaltuar apo rrjet të kanalizimit, andaj komunat do të marrin mbështetje për realizimin e projekteve kapitale për të cilat qytetarët kanë nevojë. Në të njëjtën kohë, Mickoski inkurajoi komunat që të përgatisin projekte sepse po planifikohet që pas realizimit të rebalancimit të buxhetit, diku në gjysmën e dytë të gushtit, të shpallet një thirrje publike për aplikimin e komunave për projekte kapitale. Për këtë qëllim po planifikohen të paktën 100 milionë Euro, por nëse është e mundur edhe më shumë. Tashmë vitin e ardhshëm, në janar apo në fillim të shkurtit, po planifikohet të sigurohen 250 milionë Euro nga buxheti për investime kapitale për komunat. “Qëllimi ynë është që në katër vitet e para të mandatit të arrijmë deri te 400 mijë amvisëri dhe të zgjidhim problemet e tyre themelore ekzistenciale dhe thelbësore. E di që bëhet fjalë për një grup ambicioz kryetarësh komunash, pavarësisht përkatësive politike, të cilët janë të gatshëm të bëjnë maksimumin si këtë vit ashtu edhe në fillim të vitit të ardhshëm, për të siguruar projektet përkatëse, për të aplikuar për mjete dhe për t'i zbatuar ato në interes të qytetarëve tanë”, tha Mickoski në fjalimin e tij.

**Фокусот на ЗЕЛС и понатаму ќе биде насочен кон продлабочување на децентрализацијата и обезбедување на повеќе средства за општините – нагласи претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски**

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, во своето редовно обраќање пред делегатите изрази благодарност за присуството на мандатарот и за најавената финансиска поддршка за општините. „Сакам да изразам голема благодарност до претседателот на партијата која на неодамнешните парламентарни избори го доби мнозинскиот глас на народот, Христијан Мицкоски, за неговото денешно присуство и обраќање пред делегатите на ова наше највисоко тело на ЗЕЛС, Генералното собрание. Благодарам за честа што ни ја укажавте и уште како мандатар за составување нова влада на државата ѝ подадовте рака на локалната власт за отворен дијалог и за соработка во насока на подобрување на состојбите во општините и продлабочување на процесот на децентрализација на власта во земјава. Ова за мене значи нова надеж дека единиците на локалната самоуправа во нашата земја конечно ќе добијат соодветни услови за квалитетно спроведување на своите надлежности". Ѓорѓиевски во своето обраќање посочи дека фокусот на ЗЕЛС и понатаму ќе биде насочен на продолжување на лобирањето за пакетот промени што се однесуваат на обезбедување поголема финансиска стабилност на локалната власт; преземање нови надлежности и промени во организациската поставеност на работењето на единиците на локалната самоуправа. Тој нагласи дека општините во нашата земја се најсиромашни, не само споредено со европските земји туку и со оние од регионот. Ако се има предвид дека во согласност со стандардите на Европската Унија, 70 % од целокупното законодавство се спроведува на локално ниво, тогаш барањата на ЗЕЛС се сосема легитимни: зголемување на процентот на зафаќање од ДДВ на најмалку 10 % во полза на општините, а приходот од персоналниот данок, целосно да се префрли на општините или барем 50 % најмалку. Ѓорѓиевски ја посочи и анализата на ЗЕЛС за финансирањето на единиците за противпожарна заштита која покажа дека општините од сопствениот буџет одвојуваат речиси исто толку средства колку што добиваат со наменската дотација од централната власт. Тоа е грубо кршење на заложбите утврдени во Европската повелба на локалната самоуправа, каде што е утврдено дека за секоја префрлена надлежност на општината треба да ѝ се префрлат и соодветни средства за нејзино спроведување. ЗЕЛС бара промени и кај распределбата на средствата за капитални инвестиции, односно тие да се концентрирани од едно место, а не расцепкани како досега, а одлуката каде и за што ќе бидат наменети да се донесува во рамките на ЗЕЛС.

Во врска со децентрализацијата беа посочени социјалата и културата, но и за добивање нови надлежности, како што е обезбедување комунална полиција на општините. Ова е долгогодишно барање на ЗЕЛС за што подготви и Предлог-закон за комунална полиција и го достави до извршната власт.



















**Fokusi i BNJVL-së edhe më tej do të jetë thellimi i decentralizimit dhe sigurimi i më shumë mjeteve për komunat – theksoi kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski**

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, në fjalimin e tij të rregullt para delegatëve shprehu falënderim për praninë e mandatarit dhe për mbështetjen e paralajmëruar financiare për komunat. “Dua të shpreh mirënjohjen time për kryetarin e partisë që fitoi shumicën e votave të popullit në zgjedhjet e fundit parlamentare, Hristijan Mickoski, për praninë e tij të sotme dhe fjalimin e tij para delegatëve të organit tonë më të lartë të BNJVL-së, Kuvendit Gjeneral. Faleminderit për nderin që na bëtë dhe madje si mandatar për formimin e qeverisë së re të vendit ia zgjatët dorën pushtetit lokal për dialog të hapur dhe për bashkëpunim në drejtim të përmirësimit të situatës në komuna dhe thellimit të procesit të decentralizimit të pushtetit në vend. Për mua kjo do të thotë shpresë e re se njësitë e vetëqeverisjes lokale në vendin tonë më në fund do të kenë kushte adekuate për zbatimin cilësor të kompetencave të tyre”. Gjorgjievski në fjalimin e tij theksoi se fokusi i BNJVL-së edhe më tej do të jetë në vazhdimin e lobimit për pakon e ndryshimeve që kanë të bëjnë me sigurimin e një stabiliteti më të madh financiar të pushtetit lokal, ndërmarrjen e kompetencave të reja dhe ndryshimet në strukturën organizative të funksionimit të njësive të vetëqeverisjes lokale. Ai theksoi se komunat në vendin tonë janë më të varfrat, jo vetëm në krahasim me vendet evropiane, por edhe me ato të rajonit. Nëse merret parasysh se në përputhje me standardet e Bashkimit Evropian, 70% e tërë legjislacionit zbatohet në nivel lokal, atëherë kërkesat e BNJVL-së janë plotësisht legjitime. Rritja e përqindjes së kapjes së TVSH-së në të paktën 10% në favor të komunave, ndërsa të ardhurat nga tatimi personal t’iu transferohen plotësisht komunave ose të paktën 50%. Gjorgjievski theksoi edhe analizën e BNJVL-së për financimin e njësive të mbrojtjes nga zjarri, e cila tregoi se komunat nga buxheti i tyre ndajnë pothuajse aq mjete sa marrin me dotacionin e dedikuar nga pushteti qendror. Ajo është një shkelje e rëndë e zotimeve të përcaktuara në Kartën Evropiane të Vetëqeverisjes Lokale, ku përcaktohet se për çdo kompetencë të transferuar komunës duhet t’i transferohen edhe mjete përkatëse për zbatimin e saj. BNJVL-ja kërkon ndryshime edhe në shpërndarjen e mjeteve për investime kapitale, gjegjësisht që ato të koncentrohen në një vend, e jo të ndahen si deri më tani, ndërsa vendimi se ku dhe për çfarë do të dedikohen ato, të merret në kuadër të BNJVL-së.

Sa i përket decentralizimit, u theksuan sferat e politikës sociale dhe kulturës, por edhe për marrjen e kompetencave të reja, siç është sigurimi i policisë komunale për komunat. Kjo është një kërkesë shumëvjeçare e BNJVL-së për të cilën Bashkësia përgatiti edhe draft Ligjin për policinë komunale dhe ia dorëzoi atë pushtetit ekzekutiv.

### Систематизираните ставови на ЗЕЛС ќе ѝ бидат испратени на новата влада веднаш по нејзиното формирање

Во своето обраќање, Ѓорѓиевски нагласи дека и досега, за поголем дел од предизвиците, ЗЕЛС има испратено до централната власт и соодветни барања со утврдени предлог-решенија. Генералните политики за дејствување се утврдени во Систематизираните ставови на ЗЕЛС – документ кој постојано се надградува и се разгледува од општини, а во кој се содржани сите отворени прашања за лобирање пред надлежните институции. Овој документ ќе биде испратен до новата влада веднаш по нејзиното конституирање. Исто така, претседателот на ЗЕЛС нагласи дека очекува со новата влада да се потпише и новиот Меморандум за соработка. Како што нагласи Ѓорѓиевски, игнорирањето на претходната влада, одеше дотаму што дури не најде простор за потпишување на овој значаен документ кој е само продолжување на соработката потврдена со Меморандумот од 2003 година. Ѓорѓиевски говореше и за единството во ЗЕЛС и дека тоа е најмоќната алатка на Заедницата за постигнување напредок на локалната власт, бидејќи во органите и телата на ЗЕЛС одлуките се донесуваат во консензус, во интерес на локалната власт, а не по партиски или лични интереси.

На крајот од своето излагање, претседателот на ЗЕЛС им посака успешна работа на градоначалниците и на општинските советници кои по парламентарните избори во земјата ќе преминат во извршната власт или во Законодавниот дом. Притоа им порача да бидат идните најголеми поддржувачи на барањата на ЗЕЛС.

### Генералното собрание усвои значајни документи од работењето на ЗЕЛС

На оваа седница, Генералното собрание го разгледа Извештајот за реализација на Буџетот на ЗЕЛС за 2023 година, како и Наративниот извештај на спроведени активности на ЗЕЛС за 2023 година. Извршната директорка на ЗЕЛС,

### Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së do t'i dërgohen qeverisë së re menjëherë pas formimit të saj

Gjorgjievski në fjalimin e tij theksoi se edhe deri më tani për pjesën më të madhe të sfidave BNJVL-ja i ka dërguar pushtetit qendror kërkesa përkatëse me propozime - zgjidhje të përcaktuara. Politikat e përgjithshme për veprim janë të përcaktuara në Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së – dokument i cili vazhdimisht përmirësohet dhe shqyrtohet nga të gjitha komunat dhe i cili përmban të gjitha çështjet e hapura për lobim para institucioneve kompetente. Ky dokument do t'i dërgohet qeverisë së re menjëherë pas konstituimit të saj. Gjithashtu, kryetari i BNJVL-së theksoi se pret që me qeverinë e re të nënshkruhet Memorandumi i ri për bashkëpunim. Siç theksoi Gjorgjievski, injorimi i qeverisë së mëparshme ka shkuar deri aty sa që nuk u gjet hapësirë për të nënshkruar këtë dokument të rëndësishëm, i cili është vetëm vazhdimësi e bashkëpunimit të konfirmuar me Memorandumin e vitit 2003. Gjorgjievski foli edhe për unitetin në BNJVL dhe se ai është mjeti më i fuqishëm i Bashkësisë për arritjen e përparimit të pushtetit lokal, sepse në organet dhe trupat e BNJVL-së vendimet merren me konsensus, në interes të pushtetit lokal, e jo sipas interesave partiake apo personale.

Në fund të fjalimit të tij, kryetari i BNJVL-së u uroi punë të suksesshme kryetarëve të komunave dhe këshilltarëve komunalë, të cilët pas zgjedhjeve parlamentare në vend do të kalojnë në pushtetin ekzekutiv ose në shtëpinë ligjdhënëse. Në të njëjtën kohë, ai u porositi atyre që në të ardhmen të jenë përkrahësit më të mëdhenj të kërkesave të BNJVL-së.

### Kuvendi Gjeneral miratoi dokumente të rëndësishme nga puna e BNJVL-së

Në këtë seancë, Kuvendi Gjeneral shqyrtoi Raportin për realizimin e Buxhetit të BNJVL-së për vitin 2023, si dhe Raportin narrativ për aktivitetet e zbatuara të BNJVL-së në vitin 2023. Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, duke i shpjeguar këto dy dokumente të rëndësishme









Душица Перишиќ, при образложувањето на овие два значајни документа од работењето на Заедницата, посочи дека средствата се трошат во согласност со стратегиските цели на ЗЕЛС. Притоа нагласи дека долгот на единиците на локалната власт кон ЗЕЛС е во вкупен износ од околу 35 милиони денари. Таа сугерираше дека треба да се изнајде соодветен начин да се стави крај на несериозниот однос од членките на ЗЕЛС кои не ја спроведуваат оваа обврска. Членарината од општините е најголемиот извор на приходи на Заедницата и тие средства се користат за обезбедување на низа бесплатни услуги што ЗЕЛС им ги дава: за работата на органите и телата при утврдување на политики за лобирање; за јакнење на капацитетите на општинската администрација што се реализираат преку ЗЕЛС тренинг центарот, за одржувањето на системите за електронски услуги, што ЗЕЛС го прави во името на сите единици на локалната самоуправа, но и на други органи и институции. Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно ги усвои извештаите за работењето на ЗЕЛС во 2023 година.

të funksionimit të Bashkësisë, theksoi se mjetet shpenzohen në përputhje me qëllimet strategjike të BNJVL-së. Në të njëjtën kohë, ajo theksoi se borxhi i njësive të vetëqeverisjes lokale ndaj BNJVL-së është në shumë totale prej rreth 35 milionë denarësh. Ajo sugjeroi se duhet të gjendet mënyra përkatëse për t'i dhënë fund sjelljes joserioze të anëtarëve të BNJVL-së që nuk e zbatojnë këtë obligim. Mjetet e anëtarësisë së komunave janë burimi më i madh i të ardhurave të Bashkësisë dhe ato mjete përdoren për të siguruar një sërë shërbimesh falas të cilat i ofron BNJVL-ja: për punën e organeve dhe trupave gjatë përcaktimit të politikave të lobimit, për forcimin e kapaciteteve të administratës komunale që realizohen përmes Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, për mirëmbajtjen e sistemeve për shërbime elektronike, gjë të cilën BNJVL-ja e bën në emër të të gjitha njësive të vetëqeverisjes lokale, por edhe të autoriteteve dhe institucioneve të tjera. Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së njëzëri i miratoi raportet për operimin e BNJVL-së në vitin 2023.

## „ЈАВНОСТ НА ОПШТИНСКАТА РАБОТА“ – ОБУКА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЛИЦАТА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ОД ОПШТИНИТЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Претставници од општинската администрација од деветте општини од Пелагонискиот Плански Регион имаа можност да ја проследат обуката со наслов „Јавност на општинската работа“, што се одржа на 7 јуни 2024 година, во Прилеп, во организација на Асоцијацијата за граѓанска толеранција и соработка (АГТИС). Обуката е дел од проектот „Отворени општини со отворени податоци 2“ каде целта е да се зајакнат капацитетите на лицата или тимовите за односи со јавноста во овие општини за обезбедување повисока отчетност, транспарентност, подобри отворени податоци и поголемо учество на граѓаните во носењето одлуки од локално значење. Проектот е насочен кон подобрување на системот на кариера на општинските тимови за односи со јавноста и е продолжување на истоимениот проект од 2022 година, во кој биле констатирани предизвиците на општините со јавното информирање и недостатокот од учество на граѓаните во општинските настани и форуми. Градоначалниците од овие девет општини потпишале Меморандум за соработка со Отворена телевизија (ОТВ). Ова е прва медиумска заедница во Југоисточна Европа која, преку мрежата на општини ИРИС, има амбиција да им овозможи на граѓаните непречено информирање за активностите на општините со цел да се поттикне нивното вклучување во креирањето локални политики и донесувањето одлуки. ЗЕЛС беше вклучена во реализацијата на претходниот проект, а сега, за овој настан, обезбеди стручна поддршка преку реализација на обуката што ја подготви советникот за односи со јавноста, Весна Арсовска-Динковска, од стручната служба на ЗЕЛС.

### Информирањето на граѓаните е законска обврска на општините

На обуката се дискутираше за законската обврска на локалната власт за информирање на населението. Впрочем, во членот 8 од Законот за локална самоуправа, децидно е утврдено дека органите на општината, комисиите на советот и јавните служби основани од општината се должни, без надоместок, да ги информираат граѓаните за својата работа,

## “TRANSPARENCË NË PUNËN E KOMUNËS” – TRAJNIM PËR FORCIMIN E KAPACITETEVE TË PERSONAVE PËR MARRËDHËNIE ME OPINIONIN NGA KOMUNAT NË RAJONIN PLANIFIKUES TË PELLAGONISË

Përfaqësues të administratës komunale nga nëntë komunat e rajonit planifikues të Pellagonisë patën mundësinë të ndjekin trajnimin me titull “Transparencë në punën e komunës”, i cili u mbajt më 7 qershor 2024, në Prilep, në organizim të Asociacionit për Tolerancë dhe Bashkëpunim Civil (AGTIS). Trajnimi është pjesë e projektit “Komuna të hapura me të dhëna të hapura 2”, ku qëllimi është fuqizimi i kapaciteteve të personave apo ekipeve të marrëdhënieve me opinionin në këto komuna për të siguruar një llogaridhënie më të lartë, transparencë, të dhëna më të mira të hapura dhe pjesëmarrje më të madhe të qytetarëve në marrjen e vendimeve të rëndësisë lokale. Projekti ka për qëllim përmirësimin e sistemit të karrierës së ekipeve komunale për marrëdhënie me opinionin dhe është vazhdimësi e projektit me të njëjtin emër të vitit 2022, në të cilin ishin të konstatuara sfidat e komunave me informimin publik dhe mungesën e pjesëmarrjes së qytetarëve në ngjarjet dhe forumet komunale. konstatuar. Kryetarët e këtyre nëntë komunave nënshkruan Memorandumin e Bashkëpunimit me Televizionin e Hapur (OTV). Ky është komuniteti i parë mediatik në Evropën Juglindore, i cili përmes rrjetit të komunave IRIS ka ambicien t'u mundësojë qytetarëve informim të pandërprerë për aktivitetet e komunave m qëllim që të inkurajohet përfshirja e tyre në krijimin e politikabve lokale dhe marrjen e vendimeve. BNJVL-ja ishte e përfshirë në realizimin e projektit të mëparshëm, ndërsa tani për këtë ngjarje ka ofruar mbështetje eksperte përmes realizimit të trajnimit të përgatitur nga këshilltarja për marrëdhënie me opinionin, Vesna Arsovska-Dinkovska, nga Shërbimi profesional i BNJVL-së.

### Informimi i qytetarëve është obligim ligjor i komunave

Në trajnim u diskutua për obligimin ligjor të pushtetit lokal për informimin e popullatës. Në fund të fundit, në nenin 8 të Ligjit për Vetëqeverisjen Lokale, është përcaktuar në mënyrë të saktë se organet e komunës, komisionet e këshillit dhe shërbimet publike të themeluara nga komuna janë të obliguara që pa kompensim t'i informojnë qytetarët për punën e tyre, si

како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината, на начин утврден во статутот; општината е должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите. Се дискутираше и за функциите на односите со јавноста на општините и улогата на службата задолжена за нив, како и за примената на етичкиот кодекс. Беше посочено дека сè уште има општини што немаат ниту едно лице за односи со јавноста и општини што не водат доволно грижа за редовно и континуирано пласирање на информации на своите веб-страници. Посочено беше дека е нагласена употребата на социјалните мрежи за информирање на јавноста, каде што најчесто се користи профилот на градоначалникот со што изостанува информирањето за донесените одлуки, програми, стратегии и политики на општината. Присутните посочија дека и по речиси дваесет години спроведување на децентрализирана власт во земјава, општинската администрација комуницира со надворешната јавност преку приватни електронски адреси, наместо да користи исклучиво службени.

**Внатрешната комуникација - основа за точно и навремено информирање на граѓаните**

На обуката стана збор и за важноста на внатрешната комуникација која претставува основа за точноста и навременоста при информирање на надворешната јавноста за активностите и услугите што ги обезбедува општината, а се полемизираше и за прашањето: Дали секоја активност на локалната самоуправа е предмет за информирање на јавноста? Присутните ги изнесоа предизвиците со кои се соочуваат општините во обезбедувањето двонасочност во комуникацијата: општина - граѓани и граѓани - општина, при што се зборуваше и за потребата од воведување и користење на повеќе алатки за поактивно вклучување на населението во политиките на општината.

Проектниот координатор Благица Цветкоска од АГТИС посочи дека преку проектот ќе се настојува не само да се зајакнат тимовите за односи со јавноста во овие општини, туку и да се јакне свеста кај целокупната општинска администрација и кај градоначалниците за потребата од стручни и професионални лица и тимови за односи со јавноста во општината. Целта е наместо сегашната примена на „моделот на јавно информирање" во односите со јавноста, што го практикуваат најголемиот процент од општините, а претставува нудење информации без дијалог со граѓаните, да се започне со примена на „моделот на двонасочна симетрична комуникација". Овој модел на односи со јавноста подразбира однапред планирана и организирана комуникација со јавноста. Намерата е не само да се изврши влијание врз јавното мислење, преку градење заемно корисни врски и активности, туку општината да покаже подготвеност да ги промени сопствените ставови под влијание на јавноста. Со таква двонасочна комуникација ќе се поттикне учеството на граѓаните во креирање на заемно прифатливи политики и одлуки во заедницата.

dhe për planet dhe programet që kanë rëndësi për zhvillimin e komunës, në mënyrën e përcaktuar me statut; komuna është e obliguar t'u mundësojë qytetarëve qasje në informatat bazë për shërbimet. U diskutua edhe për funksionet e marrëdhënieve me opinionin e komunave dhe rolin e shërbimit përgjegjës për to, si dhe për zbatimin e kodit të etikës. U theksua se ende ka komuna që nuk kanë asnjë person për marrëdhënie me opinionin dhe komuna që nuk kujdesen sa duhet që rregullisht dhe në vazhdimësi të publikojnë informacione në ueb-faqet e tyre. U theksua se është theksuar përdorimi i rrjeteve sociale për informimin e opinionit, ku më së shpeshti përdoret profili i kryetarit, me ç'rast mungon informimi për vendimet, programet, strategjitë dhe politikat e miratuara të komunës. Të pranishmit theksuan se edhe pas gati njëzet viteve të zbatimit të pushtetit të decentralizuar në vend, administrata komunale komunikon me opinionin e jashtëm përmes adresave elektronike private, në vend që të përdorë ekskluzivisht ato zyrtare.

**Komunikimi i brendshëm – bazë për informim të saktë dhe me kohë të qytetarëve**

Në trajnim u diskutua edhe për rëndësinë e komunikimit të brendshëm, i cili është bazë për saktësinë dhe informimin me kohë të opinionit të jashtëm për aktivitetet dhe shërbimet që siguron komuna, si dhe u debatua edhe për pyetjen: A është çdo aktivitet i vetëqeverisjes lokale objekt për informimin e opinionit? Të pranishmit prezantuan sfidat me të cilat ballafaqohen komunat në sigurimin e komunikimit të dyanshëm: komunë - qytetarë dhe qytetarë - komunë, me ç'rast folën edhe për nevojën e aplikimit dhe përdorimit të më shumë mjeteve për përfshirje më aktive të popullatës në politikat e komunës.

Koordinatorja e projektit Bllagica Cvetkoska nga AGTIS theksoi se përmes projektit do të bëhen përpjekje jo vetëm të forcohen ekipet për marrëdhënie me opinionin në këto komuna, por edhe të ngrihet vetëdija te e tëra administratë komunale dhe te kryetarët e komunave për nevojën e personave ekspertë dhe profesionistë dhe ekipet për marrëdhënie me opinionin në komunë. Qëllimi është që në vend të zbatimit aktual të "modelit të informimit publik" në marrëdhëniet me opinionin, që praktikohet nga pjesa më e madhe e komunave dhe është ofrim i informacioneve pa dialog me qytetarët, të fillohet me zbatimin e "modelit të komunikimi të dyanshëm simetrik". Ky model i marrëdhënieve me opinionin nënkupton komunikim të planifikuar dhe të organizuar paraprakisht me opinionin. Qëllimi nuk është vetëm të ndikohet mbi opinionin publik përmes ndërtimit të lidhjeve dhe aktiviteteve të dobishme reciproke, por që komuna të tregojë gatishmëri për të ndryshuar qëndrimet e veta nën ndikimin e opinionit. Me një komunikim të tillë të dyanshëm do të inkurajohet pjesëmarrja e qytetarëve në krijimin e politikave dhe marrjen e vendimeve reciprokisht të pranueshme në komunitet.





## ПЕТ ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОД НАШАТА ЗЕМЈА СЕ ПОДГОТВУВААТ ДА ГО ЗАПОЧНАТ ПРОЦЕСОТ НА СЕРТИФИКАЦИЈА, ОДНОСНО РЕСЕРТИФИКАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА БФЦ СЕЕ

Пет единици на локалната самоуправа се најновите кандидати од нашата земја заинтересирани за учество во програмата за ресертификација/сертификација на градови и општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ СЕЕ). Град Скопје и Општина Гази Баба се носители на овој регионален сертификат и сакаат да го потврдат овој статус, со тоа што треба да ги спроведат потребните активности за ресертификација, според најновата, четврта едиција на оваа програма, додека пријавените општини: Кавадарци, Кочани и Центар за првпат ќе минат низ процесот на стекнување со сертификатот БФЦ СЕЕ. ЗЕЛС, како акредитиран технички секретаријат за нашата земја за оваа програма, ги реализира сите потребни активности, меѓу кои и организирањето првична обука за општинските тимови за запознавање со целиот процес, стандардите што треба да ги исполнат, начинот на доставување на доказниот материјал, спроведувањето на евалуацијата и на верификацијата на Градот и на општините. Па така, на 7 јуни 2024 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, беше организирана обука за претставници на трите тима, составени од администрацијата од областите на: локален економски развој, финансии, урбанизам, информатичка технологија и односи со јавноста. За тимовите од општините: Кавадарци и Кисела вода ќе биде одржана дополнителна обука

### Критериуми и методологија за стекнување сертификат БФЦ СЕЕ на општината, односно градот

Во новата, четврта едиција на стандарди за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ СЕЕ) утврдени се 10 критериуми со 62 поткритериума. Според утврдениот систем на оценување, општината мора да исполни најмалку над 50 % од секој од десетте критериуми, а особено да ги исполни сите елиминациски критериуми. Всушност, секоја единица на локалната самоуправа, пред да влезе во ваков процес, задолжително треба да спроведе самоевалуација за да утврди дали ги исполнува елиминациските критериуми. Во дел од елиминациските критериуми спаѓаат и следните: општината да именувала службеници или да воспоставила организациска единица задолжена за локален економски развој (КЛЕР); да има важечка Стратегија за ЛЕР, усвоена од Советот на ЕЛС и таа да е достапна на интернет-страницата; да има формирано



## PESË NJËSI TË VETËQEVERISJES LOKALE NGA VENDI YNË PO PËRGATITEN PËR TË FILLUAR PROCESIN E RICERTIFIKIMIT TË PROGRAMIT BFC SEE

Pesë njësi të vetëqeverisjes lokale janë kandidatët më të rinj nga vendi ynë për të marrë pjesë në programin për ricertifikimin e qyteteve dhe komunave me mjedis të favorshëm biznesi në Evropën Juglindore (BFC SEE). Qyteti i Shkupit dhe Komuna e Gazi Babës janë bartës të kësaj certifikate rajonale dhe dëshirojnë ta konfirmojnë këtë status me atë që duhet t'i kryejnë aktivitetet e nevojshme për ricertifikim, sipas edicionit të katërt më të ri të këtij programi, ndërsa komunat që kanë aplikuar: Kavadari, Koçani dhe Qendra për herë të parë do të kalojë nëpër procesin e marrjes së certifikatës BFC SEE. BNJVL, si sekretariat i akredituar teknik për vendin tonë, i realizon të gjitha aktivitetet e nevojshme për këtë program, duke përfshirë organizimin e trajnimit fillestar për ekipet komunale për t'i informuar lidhur me tërë procesin, standardet që duhet të përmbushen, mënyrën e dërgimit të materialit dëshmues, zbatimin e vlerësimit dhe verifikimin e qytetit dhe të komunave. Kështu, më 7 qershor 2024, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, u organizua trajnim për përfaqësuesit e tre ekipeve, të përbëra nga administrata nga sferat e zhvillimit ekonomik lokal, financave, urbanizmit, teknologjisë informatike dhe marrëdhënieve me opinionin. Për ekipet e komunave të Kavadarit dhe Kisella Vodës d të mbahet një trajnim shtesë.

### Kriteret dhe metodologjia e fitimit të certifikatës BFC SEE të komunës, përkatësisht qytetit

Në edicionin e ri, të katërt të standardeve për mjedis të favorshëm biznesi në Evropën Juglindore (BFC SEE) janë përcaktuar 10 kritere me 62 nënkritere. Sipas sistemit të përcaktuar të vlerësimit, komuna duhet të plotësojë të paktën mbi 50% të secilit prej dhjetë kritereve dhe veçanërisht të plotësojë të gjitha kriteret e eliminimit. Në fakt, çdo njësi e vetëqeverisjes lokale para se të hyjë në një proces të këtillë, duhet të kryejë një vetëvlerësim për të përcaktuar nëse plotëson kriteret e eliminimit. Disa nga kriteret e eliminimit janë këto që vijojnë: komuna të ketë emëruar nëpunës ose të ketë themeluar një njësi organizative përgjegjëse për zhvillimin ekonomik lokal (ZZHEL); të ketë një Strategji të vlefshme për ZHEL, të miratuar nga Këshilli i NJVL-së dhe të jetë në dispozicion në faqen e saj të internetit; të ketë formuar një Këshill



Економски совет, што учествува во разгледување на прашања што се однесуваат на деловната заедница и да одржува состаноци најмалку трипати во годината, а предлозите што произлегуваат од состаноците да се земаат предвид при донесувањето релевантни одлуки на локално ниво; општината да има важечка просторно-планска документација која овозможува издавање на градежни дозволи и други.

Во четвртата едиција на програмата БФЦ СЕЕ, новина се двата последни критериума (9. и 10.). За деветтиот се добиваат максимум 15 % бодови и е показател за „нумерички податоци“, односно дека општината е насочена кон собирање податоци и спроведување анализи врз кои ги темели своите планови и своето работење. За десеттиот критериум „иновации и добри практики“, општината може да добие максимум 10 % од вкупните бодови. Всушност, со десеттиот критериум општината треба да ја докаже посветеноста кон: воспоставување на брзи и достапни услуги за своите граѓани, меѓу кои се електронските услуги; воспоставување или поттикнување на програми за обуки за стартап и мали претпријатија; воведување иновации во организациските капацитети на ЛЕР; применување на иновативни технолошки решенија што придонесуваат за заштита на животната средина, енергетска ефикасност и други иновации.

**Програмата БФЦ СЕЕ овозможува општината да ги подобри услугите и информираноста на стопанствениците и потенцијалните инвеститори**

Сертификацијата на градови и општини со поволно деловно опкружување (БФЦ СЕЕ) е единствена програма за подобрување на квалитетот на услуги и информации што локалните самоуправи во Југоисточна Европа ги даваат на стопанственици и потенцијални инвеститори. Оваа програма носи привилегии за сите што успешно ќе го завршат процесот и ќе ги исполнат условите за да бидат носители на ова престижно признание, меѓу кои се: позиционирање на мапата на најповолни инвестициски дестинации во Југоисточна Европа; создавање имиџ на модерна и агилна локална администрација посветена на обезбедување и креирање на квалитетни услуга за стопанствениците и за граѓаните; можности за учество во развојни проекти, студиски посети и регионални иницијативи; размена на знаења со најуспешните градови и општини и други.

Програмата за ресертификација/сертификација на градови и на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ СЕЕ) освен во нашата земја се спроведува и во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија, Хрватска и Црна Гора, а по лиценца што е во сопственост на НАЛЕД.

Ekonomik, i cili merr pjesë në shqyrtimin e çështjeve që kanë të bëjnë me komunitetin e biznesit dhe të mbajë mbledhje të paktën tre herë në vit, ndërsa propozimet që dalin nga mbledhjet të merren parasysh gjatë marrjes së vendimeve përkatëse në nivel lokal; komuna të ketë dokumentacion të vlefshëm të planifikimit hapësinor që mundëson lëshimin e lejeve të ndërtimit dhe të tjera.

Në edicionin e katërt të programit BFC SEE, risi janë dy kriteret e fundit (9 dhe 10). Për kriterin e nëntë fitohen maksimum 15% pikë dhe është tregues i “të dhënave numerike”, gjegjësisht se komuna është e fokusuar në mbledhjen e të dhënave dhe kryerjen e analizave mbi të cilat do të bazohen planet dhe operimin e saj. Për kriterin e dhjetë “risitë dhe praktikat e mira”, komuna mund të marrë maksimum 10% të pikëve totale. Në fakt, me kriterin e dhjetë, komuna duhet të dëshmojë përkushtimin e saj për krijimin e shërbimeve të shpejta dhe të qasshme për qytetarët e saj, ndër të cilat janë edhe shërbimet elektronike, krijimin ose inkurajimin e programeve të trajnimit për ndërmarrjet fillestare dhe ato të vogla, aplikimin e risive në kapacitetet organizative të ZHEL-it, aplikimin e zgjidhjeve inovative teknologjike që kontribuojnë për mbrojtjen e mjedisit jetësor dhe efikasitetin energjetik dhe inovacione të tjera.

**Programi BFC SEE mundëson që komuna t'i përmirësojë shërbimet dhe informimin e biznesmenëve dhe investitorëve potencialë**

Certifikimi i qyteteve dhe komunave me një mjedis të favorshëm biznesi (BFC SEE) është një program unik për përmirësimin e cilësisë së shërbimeve dhe informacioneve që vetëqeverisjet lokale në Evropën Juglindore ua ofrojnë biznesmenëve dhe investitorëve potencialë. Ky program sjell privilegje për të gjithë ata që do të përfundojnë me sukses procesin dhe do të plotësojnë kushtet për të qenë bartës i kësaj mirënjohjeje prestigjioze, ndër të cilat janë: pozicionimi në hartën e destinacioneve më të favorshme të investimeve në Evropën Juglindore, krijimi i një imazhi të një administrate lokale moderne dhe të shkathët të përkushtuar për sigurimin dhe krijimin e shërbimeve cilësore për biznesmenët dhe qytetarët, mundësi për të marrë pjesë në projekte zhvillimore, vizita studimore dhe iniciativa rajonale, shkëmbimi i njohurive me qytetet dhe komunat më të suksesshme dhe të tjera.

Programi i ricertifikimit/certifikimit të qyteteve dhe komunave me mjedis të favorshëm biznesi në Evropën Juglindore (BFC SEE) zbatohet jo vetëm në vendin tonë, por edhe në Shqipëri, Bosnjë dhe Hercegovinë, Kosovë, Serbi, Kroaci dhe Mal të Zi, sipas licencës që është në pronësi të NALED-it.



## РАБОТИЛНИЦА ЗА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНИТЕ – СПРАВУВАЊЕ СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА, ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ И ДИГИТАЛНОТО НАСИЛСТВО

Говорот на омраза, дезинформациите и нивното ширење, како и родово базираното насилство во дигиталниот свет беа темите на еднодневната работилница што се одржа во ЗЕЛС тренинг центарот на 11 и 13 јуни 2024 година. На настанот, што го организираше ЗЕЛС во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и проектот „Зајакнување на општинските совети - фаза2", на 11 јуни 2024 година, беа поканети координаторите за еднакви можности, лицата за односи со јавноста (ПР) и лицата задолжени за социјалните политики од општините од Скопскиот, Полошкиот, Југозападниот и Североисточниот Регион, а на 13 јуни 2024 година, од Источниот, Југоисточниот, Вардарскиот и Пелагонискиот Регион. Целта на работилницата е единиците на локалната самоуправа да ги препознаат овие актуелни појави, нивното негативно влијание кон локалната власт и да обезбедат воспоставување на меѓусекторски и меѓуинституционален систем за развивање и спроведување на соодветни програми за справување со нив.

### Тесната поврзаност на општината со заедницата е солидна основа за активности за спречување на дезинформации

Ангажираните експертки посочија дека дезинформациите, погрешните или неточните информации, со новите технологии можат да се шират многу брзо, лесно и едноставно, а особено добра подлога за тоа се социјалните медиуми. Негативното влијание на дезинформациите врз локалната власт се рефлектира со губење доверба на населението; погрешно толкување на локалните политики и иницијативи што може да резултира со јавен отпор или неусогласеност при нивно спроведување. Исто така, насочени се да предизвикаат влошување во поделбите во заедницата, а може да придонесат и за јакнење на стереотипите и предрасудите. Затоа беше посочено дека општините имаат и значајна улога во спречување на дезинформациите поради нивната тесна поврзаност со заедницата. Можат да креираат пораки кои се специјално приспособени на културниот, демографскиот и социо-економскиот контекст и постојано да обезбедуваат веродостојни информации. Исто така, општините можат да „одговорат" со редовна,

## PUNËTORI PËR PËRFAQËSUESIT E KOMUNAVE - BALLAFAQIMI ME GJUHËN E URREJTJES, DEZINFORMATAVE DHE DHUNËS DIGJITALE

Gjuha e urrejtjes, dezinformatat dhe përhapja e tyre, si dhe dhuna e bazuar gjinore në botën digjitale ishin temat e punëtorisë njëditore që u mbajt në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së më 11 dhe 13 qershor 2024. Në ngjarjen, të cilin e organizoi BNJVL në bashkëpunim me Programin për Zhvillim të Kombeve të Bashkuara (UNDP) dhe projektin "Forcimi i këshillave komunalë – faza 2", më 11 qershor 2024, u ftuan koordinatorët për mundësi të barabarta, personat për marrëdhënie me publikun (PR) dhe personat përgjegjës për politikat sociale nga komunat e rajonit planifikues të Shkupit, Pollogut, Jugperëndimor dhe Verilindor, ndërsa më 13 qershor 2024 nga rajoni Lindor, Juglindor, i Vardarit dhe i Pellagonisë. Qëllimi i punëtorisë është që njësitë e vetëqeverisjes lokale t'i identifikojnë këto dukuri aktuale, ndikimin e tyre negativ ndaj pushtetit lokal dhe të sigurojnë krijimin e një sistemi ndërsektorial dhe ndërinstitucional për zhvillimin dhe zbatimin e programeve përkatëse për ballafaqim me to.

### Lidhshmëria e ngushtë e komunës me komunitetin është bazë solide për aktivitete për të parandaluar dezinformatat

Ekspertet e angazhuar theksuan se dezinformatat, informacionet e gabuara ose të pasakta mund të përhapen shumë shpejt, lehtë dhe thjesht me teknologjitë e reja, ndërsa mediat sociale janë një platformë veçanërisht e mirë për këtë. Ndikimi negativ i dezinformatave ndaj pushtetit lokal reflektohet me humbjen e besimit të popullatës, keqinterpretimin e politikave dhe iniciativave lokale që mund të rezultojnë me rezistencë publike ose mospërputhje me zbatimin e tyre. Ato gjithashtu janë të destinuara të shkaktojnë një përkeqësim të ndarjeve në komunitet dhe mund të kontribuojnë në përforcimin e stereotipave dhe paragjykimeve. Prandaj, u theksua se komunat kanë një rol të rëndësishëm në parandalimin e dezinformatave për shkak të lidhshmërisë së tyre të ngushtë me komunitetin. Ato mund të krijojnë porosi që janë të përshtatura në mënyrë specifike me kontekstin kulturor, demografik dhe socio-ekonomik dhe të sigurojnë vazhdimisht informacione të besueshme. Po ashtu, komunat mund të "përgjigjen" me komunikim të rregullt, të qartë dhe transparent me qytetarët duke






јасна и транспарентна комуникација со граѓаните преку одржување на форуми, со соопштенија до медиумите и со употреба на официјални канали на социјалните медиуми. Преку организирање на работилници и училишни програми, може да обезбедат едукација на јавноста за изворите на ваквите информации и како тие критички да ги проценуваат вестите, а во соработка со медиумите да обезбедат точно и избалансирано известување, помалку подложно на дезинформации.

### Говорот на омраза предизвикува опасни последици за заедницата

На работилницата беше нагласено дека, со намера или без, при информирањето може штетно да се влијае и за родовите прашања. Медиумите не ги испитуваат настаните секогаш критички и многу често создаваат сензационалистички наслови. Клучните наоди за овие состојби во нашата земја се откриени во сеопфатната анализа на дигиталните и социјалните медиуми за дезинформациите, вклучително и родовите дезинформации, направена од УНДП. Утврдено е дека политичарките, повеќе од нивните машки колеги, искусуваат родово заснован говор на омраза, родово вознемирување и сексистички коментар. Говорот на омраза го доведува во прашање кредибилитетот на поединците - жените и ги обесхрабрува тие да влезат во политиката или јавно да изразат мислење. Придонесува и за длабоко вкоренување на родовите стереотипи и предрасуди, повикува на насилство и дискриминација, шири ставови за супериорност на една група над друга етничка група, односно предизвикува опасни последици за заедницата.

### Минимално ниво на пријавување на дигитално насилство

Според резултатите од истражување на УНДП, спроведено со онлајн прашалник за собирање податоци за искуствата со дигиталното насилство и третманот од државните институции, поставен на Фејсбук и Инстаграм, од одговорите на 311 лица, 186 лица или 60 % од испитаниците посочиле дека се соочиле со некој или повеќе видови дигитално родово насилство, од кои 96 % се жени. Како најчеста пријавена платформа каде што се случува насилството се посочени Фејсбук, со малку повеќе од 75 %, а потоа следува Инстаграм со 37,3 %. Интересен е и податокот дека речиси 80 % од испитаниците посочиле дека не пријавиле никаде за овој вид насилство. Токму овој податок укажува на потребата за преземање соодветни активности од страна на локалната самоуправа во насока на запознавање и поттикнување на жртвите од ваквото насилство да го пријавуваат кај соодветните органи. Во согласност со Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, единиците на локалната самоуправа креираат посебни програми, воспоставуваат или финансиски поддржуваат сервиси, спроведуваат почетна и континуирана едукација за вработените, воспоставуваат меѓусебна и координирана соработка на локално ниво меѓу центрите за социјална работа, полициски станици, здравствени установи, предучилишни и образовни установи, а во рамките на општинските совети за социјална заштита се разгледуваат состојбите со родово базираното насилство.

mbajtur forume, me njoftime në media dhe me përdorim të kanaleve zyrtare të mediave sociale. Duke organizuar punëtori dhe programe shkollore, ato mund t'i sigurojnë publikut edukim për burimet e informacioneve të këtilla dhe mënyrën se si ato mund të vlerësojnë në mënyrë kritike lajmet, ndërsa në bashkëpunim me mediat të sigurojnë raportim të saktë dhe të balancuar, i cili më pak u nënshtrohet dezinformatave.

### Gjuha e urrejtjes shkakton pasoja të rrezikshme për komunitetin

Në punëtori u theksua se, me apo pa dashje, gjatë informimit mund t'u ndikohet në mënyrë të dëmshme çështjeve gjinore. Mediat jo gjithmonë i shqyrtojnë në mënyrë kritike ngjarjet dhe shumë shpesh krijojnë tituj sensacionalistë. Gjetjet kryesore për këto gjendje në vendin tonë zbulohen në një analizë gjithëpërfshirëse të mediave digjitale dhe sociale për dezinformatat, duke përfshirë edhe dezinformatat gjinore, të bërë nga UNDP. Është konstatuar se politikanet femra përjetojnë gjuhë të urrejtjes të bazuar ndaj gjinisë, ngacmime ne bazë gjinore dhe komente seksiste më shumë sesa kolegët e tyre meshkuj. Gjuha e urrejtjes vë në pikëpyetje kredibilitetin e grave-individuale dhe i dekurajon ato të hyjnë në politikë apo të shprehin opinionet e tyre publikisht. Kontribuon gjithashtu në rrënjosjen e thellë të stereotipeve dhe paragjykimeve gjinore, bën thirrje për dhunë dhe diskriminim, përhap qëndrime për superioritetin e një grupi ndaj një grupi tjetër etnik, gjegjësisht shkakton pasoja të rrezikshme për komunitetin.

### Nivel minimal i raportimit të dhunës digjitale

Sipas rezultateve të një hulumtimi të UNDP-së, të kryer me një pyetësor online për mbledhjen e të dhënave mbi përvojat me dhunën digjitale dhe trajtimin nga ana e institucioneve shtetërore, të postuar në Facebook dhe Instagram nga përgjigjet e 311 personave, 186 persona ose 60% e të anketuarve kanë treguar se ishin ballafaquar me një ose më shumë lloje të dhunës gjinore digjitale, nga të cilat 96% janë gra. Si platforma më e shpeshtë e raportuar ku ndodh dhuna, janë cekur Facebook-u, me pak më shumë se 75%, e pastaj vijon Instagram-i me 37.3%. Është interesante edhe e dhëna se pothuajse 80% e të anketuarve kanë treguar se nuk e kanë raportuar askund këtë lloj dhune. Pikërisht kjo e dhënë tregon nevojën për ndërmarrjen e aktiviteteve adekuate nga ana e vetëqeverisjes lokale në drejtim të identifikimit dhe inkurajimit të viktimave të këtij lloji të dhunës që të raportojnë të njëjtën gjë tek organet përkatëse. Në përputhje me Ligjin për parandalimin dhe mbrojtjen nga dhuna ndaj grave dhe dhunës në familje, njësitë e vetëqeverisjes lokale krijojnë programe të veçanta, themelojnë ose mbështesin financiarisht shërbime, kryejnë edukim fillestar dhe të vazhdueshëm për të punësuarit, vendosin bashkëpunim të ndërsjellë dhe të koordinuar në nivel lokal ndërmjet qendrave për punë sociale, stacioneve policore, institucioneve shëndetësore, institucioneve parashkollore dhe arsimore, ndërsa në kuadër të këshillave komunale për mbrojtje sociale shqyrtohen gjendjet me dhunën e bazuar gjinore.

## ГРАДЕЊЕ БЕЗБЕДНИ ЛОКАЛНИ ЗАЕДНИЦИ ЗА ДЕЦАТА ПРЕКУ МУЛТИСЕКТОРСКА СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА ОПШТИНСКИ ИСКУСТВА

На иницијатива на Општина Пробиштип, ЗЕЛС организира консултативна средба на претставниците од локалните совети за превенција на детското престапништво од општините од Источниот Плански Регион со членовите од Државниот совет за превенција на детското престапништво. На средбата што се одржа на 25 јуни 2024 година, во ЗЕЛС тренинг центарот, претставниците од оваа општина, која е една од водечките локални власти во оваа област, ги презентираа своите богати искуства што во континуитет ги спроведуваат во општината. На средбата се говореше и за потребата од унифицирање на формуларите за програми и извештаи за работата на овие локални совети. Целта на ваквите средби е да се презентираат добрите примери, да се укаже на предизвиците со кои се соочуваат општините, да се разменат искуства помеѓу општините и Државниот совет, сè во насока на подобра превенција и заштита на правата на децата и спречување на детското престапништво.

Претставниците од Државниот совет ги презентираа: Предлог-годишната програма за работата на општинските совети за превенција на детското престапништво и Предлог-извештајот за работата на општинските совети за превенција на детското престапништво, што ги изработиле неодамна. Беше посочено дека е оставена можноста локалните совети, според своите потреби, да ги приспособат или надградат овие документи. Претставниците од локалната власт говореа и за обврските и предизвиците со кои се соочуваат, особено за координацијата и соработката меѓу централните и локалните институции. Беше потенцирана потребата за локализација на примарната превенција во општините каде што фокусот се става на мултисекторскиот пристап и рамноправната вклученост на сите важни локални чинители во превенција и заштита на децата.

### Потребно вклучување на децата во работата на локалните совети за превенција на детското престапништво

Извршната директорка Душица Перишиќ, која како претставник од ЗЕЛС учествува во работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво, укажа на подготвеноста на ЗЕЛС, во полза на општините, да организира слични средби и настани и во иднина. Беше договорено во септември да се организираат работилници на истата тема и со другите општини. Потпретседателката на Државниот совет, Тања Кикерекова,



## NDËRTIMI I KOMUNITETEVE TË SIGURTA LOKALE PËR FËMIJËT PËRMES BASHKËPUNIMIT MULTISEKTORIAL DHE SHKËMBIMIT TË PËRVOJAVE KOMUNALE

Me iniciativë të Komunës së Probishtipit, BNJVL-ja organizoi takim konsultativ të përfaqësuesve të këshillave lokale për parandalimin e delikuencës së fëmijëve nga komunat e rajonit planifikues lindor me anëtarët e Këshillit shtetëror për parandalimin e delikuencës së fëmijëve. Në takimin që u mbajt më 25 qershor 2024 në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së, përfaqësuesit e kësaj komune, e cila është një nga autoritetet lokale lider në këtë fushë, i prezantuan përvojat e tyre të pasura që në vazhdimësi i zbatojnë në komunë. Në takim u diskutua edhe për nevojën e unifikimit të formularëve për programet dhe raportet për punën e këtyre këshillave vendorë. Qëllimi i takimeve të këtilla është të prezantohen shembujt e mirë, të vihen në dukje sfidat me të cilat ballafaqohen komunat, të shkëmbehen përvoja mes komunave dhe Këshillit shtetëror, të gjitha këto në drejtim të parandalimit dhe mbrojtjes më të mirë të të drejtave të fëmijëve dhe parandalimit të delikuencës së fëmijëve.

Përfaqësuesit e Këshillit Shtetëror prezantuan: Propozim-programin vjetor për punën e këshillave komunalë për parandalimin e delikuencës së fëmijëve dhe Propozim-raportin për punën e këshillave komunalë për parandalimin e delikuencës së fëmijëve, të cilat i kanë përgatitur së fundmi. U theksua se u lihet mundësia këshillave komunalë, sipas nevojave të tyre, t'i përshtatin apo përmirësojnë këto dokumente. Përfaqësuesit e pushtetit lokal folën edhe për obligimet dhe sfidat me të cilat ballafaqohen, veçanërisht për koordinimin dhe bashkëpunimin ndërmjet institucioneve qendrore dhe atyre lokale. U theksua nevoja për lokalizimin e parandalimit parësor në komuna, ku fokusi është vendosur në qasjen multisektoriale dhe përfshirjen e barabartë të të gjithë aktorëve të rëndësishëm lokalë në parandalimin dhe mbrojtjen e fëmijëve.

### Nevojitet përfshirja e fëmijëve në punën e këshillave lokalë për parandalimin e delikuencës së fëmijëve

Drejtoresha ekzekutive Dushica Perishiq, e cila si përfaqësuese e BNJVL-së merr pjesë në punën e Këshillit shtetëror për parandalimin e delikuencës së fëmijëve, theksoi gatishmërinë e BNJVL-së, në favor të komunave, të organizojë takime dhe ngjarje të ngjashme edhe në të ardhmen. Është rënë dakord që në shtator të organizohen punëtori për të njëjtën temë edhe me komunat e tjera. Nënkryetarja e Këshillit shtetëror, Tanja Kikerekova, foli për obligimet ligjore



говореше за законските обврски и одговорности на локалните совети за превенција од организациски и практичен аспект, а фокусот го насочи на потребата од вклучување на децата во работата на советите преку младински и други формални здруженија со цел да се слушне нивниот глас и да се преземат мерки и политики што вистински ќе одговараат за спречување на девијантното однесување и насилството кај децата. Таа апелираше сите општини да ги следат добрите примери што ги спроведуваат општините: Битола, Велес, Кавадарци и Пробиштип, особено во идентификувањето на потребните точки за превенција и редовност во известувањето на општинскиот совет и на Државниот совет за превенција. Снежана Пајовиќ Мишевска, надворешен член во Државниот совет, потенцираше дека општината претставува клучна алка во препознавањето на ризиците од детско престапништво, но и во поттикнувањето на потенцијалите на децата преку креирање активности со индикатори што ќе бидат сублимирани во Годишната програма за работа на локалните совети за превенција на детското престапништво. Жаклина Просароска од МВР, како член на Државниот совет, ја презентираше рамката на Предлог-извештајот за работа на општинскиот совет за превенција на детското престапништво. Притоа, ја нагласи потребата од аналитичка обработка на податоците што треба да се собираат редовно од сите вклучени институции (МВР, училиштата, центрите за социјални работи, невладините организации), со цел насочување на капацитетите во правец со кој ќе се обезбеди превенција и безбедност на децата во општините.

dhe përgjegjësitë e këshillave lokalë për parandalim nga aspekti organizativ dhe praktik, duke u fokusuar në nevojën e përfshirjes së fëmijëve në punën e këshillave përmes shoqatave rinore dhe shoqatave të tjera formale me qëllim që të dëgjohet zëri i tyre dhe të ndërmerren masa dhe politika që do t'i përgjigjen me vërtetë parandalimit të sjelljeve devijuese dhe dhunës tek fëmijët. Ajo apeloi te të gjitha komunat që të ndjekin shembujt e mirë të zbatuar nga komunat: Manastir, Veles, Kavadar dhe Probishtip, veçanërisht në identifikimin e pikave të nevojshme për parandalim dhe rregullsi në raportimin e këshillit komunal dhe Këshillit shtetëror për parandalim. Snezhana Pajoviq Mishevska, anëtare e jashtme e Këshillit shtetëror, theksoi se komuna është një hallkë kryesore në identifikimin e rreziqeve të delikuencës së fëmijëve, por edhe në inkurajimin e potencialeve të fëmijëve nëpërmjet krijimit të aktiviteteve me tregues që do të përmbahen në Programin vjetor të punës së këshillave lokalë për parandalimin e delikuencës së fëmijëve. Zhaklina Prosaroska nga MPB-ja, si anëtare e Këshillit shtetëror, prezantoi kornizën e Propozim-raportit për punën e këshillit komunal për parandalimin e delikuencës së fëmijëve. Ajo gjithashtu theksoi nevojën për përpunimin analitik të të dhënave që duhet të grumbullohen rregullisht nga të gjitha institucionet e përfshira (MPB, shkollat, qendrat për punët sociale, organizatat joqeveritare) me qëllim të drejtimit të kapaciteteve në drejtim me të cilin do të sigurohet parandalimi dhe siguria e fëmijëve në komuna.

## ЉУПЧО ПАПАЗОВ, ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ – ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ПРИ ЗЕЛС

Љупчо Папазов, градоначалник на Општина Кочани, е избран за претседател на Комисијата за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС. За негов заменик е избран Стевче Стевановски, градоначалник на Општина Новаци. Изборот беше спроведен на конститутивната седница на Комисијата што се одржа на 26 јуни 2024 година, во просториите на ЗЕЛС, во согласност со Деловникот за работа на ова тело. Комисијата е формирана со Одлука на Управниот одбор на ЗЕЛС, донесена на 21-та седница одржана на 30 мај 2024 година, во состав: Стевче Стевановски, градоначалник на Општина Новаци; Миле Петков, градоначалник на Општина Виница; Стефче Трпковски, градоначалник на Општина Сопиште; Љупчо Папазов, градоначалник на Општина Кочани; Нухи Незири, градоначалник на Општина Теарце; Димчо Атанасовски, градоначалник на Општина Македонска Каменица и Еркан Арифи, градоначалник на Општина Липково.

### Потребна итна средба со министерот за животна средина и просторно планирање, еден од заклучоците на Комисијата

На седницата, членовите на Комисијата ги утврдија приоритетите на дејствување за следниот период кои се однесуваат на четири сектори: води (со акцент на водата за пиење и отпадните води); отпад; воздух (уредување на оџачарската дејност) и климатска акција; детектирање на можности за финансирање на локалните активности во овие сектори.

## LJUPÇO PAPAZOV, KRYETAR I KOMUNËS SË KOÇANIT ËSHTË ZGJEDHUR PËR KRYETAR TË KOMISIONIT PËR MJEDIS JETËSOR DHE VEPRIMTARI KOMUNALE PRANË BNJVL-SË

Ljupço Papazov, Kryetar i Komunës së Koçanit është zgjedhur për kryetar të Komisionit për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale pranë BNJVL-së. Për zëvendës të tij është zgjedhur Stevçe Stevanovski, Kryetar i Komunës së Novacit. Zgjedhja është bërë në seancën konstituive të Komisionit që u mbajt më 26 qershor 2024, në hapësirat e BNJVL-së, në përputhje me Rregulloren e punës të këtij organi. Komisioni është themeluar me Vendim të Bordit drejtues të BNJVL-së, të marrë në seancën e 21-të të mbajtur më 30 maj 2024, në përbërje: Stevçe Stevanovski, Kryetar i Komunës së Novacit; Mile Petkov, Kryetar i Komunës së Vinicës; Stefçe Tërpkovski, Kryetar i Komunës së Sopishtës; Ljupço Papazov, Kryetar i Komunës së Koçanit; Nuhi Neziri, Kryetar i Komunës së Tearcës; Dimço Atanasovski, Kryetar i Komunës së Makedonska Kamenicës dhe Erkan Arifi, Kryetar i Komunës së Likovës.

### Nevojitet takim urgjent me Ministrin e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, një nga konkluzionet e Komisionit

Në seancë, anëtarët e Komisionit përcaktuan prioritetet e veprimit për periudhën e ardhshme, të cilat u referohen katër sektorëve: ujërat (me theks tek uji i pijshëm dhe ujërat e zeza); mbeturinat; ajri (rregullimi i aktivitetit të oxhakpastruesve) dhe aksioni klimatik; detektimi i mundësive për financimin e aktiviteteve lokale në këta sektorë. Komisioni konstaton se në





Комисијата констатира дека во отсуство на систематизиран пристап за спроведување на активностите во областа на животната средина и комуналните дејности, општините се соочуваат со бројни предизвици. Беше утврдена потребата за сеопфатен пристап за решавање на предизвиците, заради што Комисијата донесе заклучок да се упати барање до министерот за животна средина и просторно планирање, Изет Мецити, и до претставници на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, за одржување на итен заеднички состанок.

Улогата на Комисијата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС е да ги детектира предизвиците со кои се соочуваа единиците на локалната самоуправа во нашата земја во овие две области и да утврдува предлог- решенија за нивно надминување што потоа ќе бидат доставени и разгледувани од Управниот обор на ЗЕЛС. Комисијата ќе дејствува преку механизмите на лобирање и застапување, односно ќе поднесува иницијативи за подобрување на регулаторната рамка, каде што идентификувала одредени недоречености или празнини, ќе предлага амандмани и ќе соработува и ќе се координира со сите релевантни институции од земјава од овие области. Комисијата може да обезбедува мислења и да утврди препораки за креирање политики кои ја одразуваат позицијата на ЗЕЛС преку нацрт-регулатива, реформи или детектирање состојба во областа на заштита на животната средина и комуналните дејности. Активно ќе учествува во процесите на застапување преку: водење или учество во платформи за дијалог; следење на развој на настаните; ангажирање во преговори со Владата; мониторинг на спроведувањето на предложени решенија и препораки преку следење на напредокот на усвоените предлози и справување со сите предизвици што може да се појават во фазата на имплементација на одредени законски или други решенија. Ќе учествува и во подготовка на модели на општински прописи, во согласност со секторските закони и политики, преку креирање стандардизирани обрасци приспособени на локалните околности.

## Членовите на Мрежата за животна средина и комунални дејности формираа четири работни групи за поекспедитивно работење

На 24 јуни 2024 година, состанок одржа и Мрежата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС, составена од претставници на општинската администрација чија работа е директно поврзана со овие два сектора. На состанокот се формираа четири работни групи: за води; за заштита на амбиентниот воздух; за управување со отпад и за климатска акција. Активностите на Мрежата, меѓу другото, даваат поддршка и на работата на Комисијата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС.

mungesë të një qasjeje të sistemuar për zbatimin e aktiviteteve në sferën e mjedisit jetësor dhe aktiviteteve komunale, komunat ballafaqohen me sfida të shumta. U konstatua nevoja për një qasje gjithëpërfshirëse për zgjidhjen e sfidave, për shkak të së cilës gjë Komisioni mori përfundim që t'i dërgojë kërkesë Ministrit të Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Izet Mexhiti dhe përfaqësuesve të Komisionit Rregullator të Energjetikës, Shërbimeve të Ujit dhe Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut, për të mbajtur një takim të përbashkët urgjent.

Roli i Komisionit për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale të BNJVL-së është që t'i zbulojë sfidat me të cilat ballafaqohen njësitë e vetëqeverisjes lokale në vendin tonë në këto dy sfera dhe të përcaktojë propozim-zgjidhje për tejkalimin e tyre, të cilat më pas do të dorëzohen dhe shqyrtohen nga Bordi drejtues i BNJVL-së. Komisioni do të veprojë përmes mekanizmave të lobimit dhe përfaqësimit, përkatësisht do të dërgojë iniciativa për përmirësimin e kornizës rregullatore, aty ku ka identifikuar paqartësi apo zbrazëtira, do të propozojë amendamente dhe do të bashkëpunojë dhe koordinojë me të gjitha institucionet përkatëse të vendit nga këto sfera. Komisioni mund të japë mendime dhe të përcaktojë rekomandime për krijimin e politikave që pasqyrojnë qëndrimin e BNJVL-së përmes draft-rregulloreve, reformave ose detektimit të gjendjes në sferën e mbrojtjes së mjedisit jetësor dhe aktiviteteve komunale. Ai do të marrë pjesë në mënyrë aktive në proceset e avokimit përmes: udhëheqjes ose pjesëmarrjes në platformat e dialogut; ndjekjes së zhvillimit të ngjarjeve; angazhimit në negociata me Qeverinë; monitorimit të zbatimit të zgjidhjeve dhe rekomandimeve të propozuara përmes ndjekjes së progresit të propozimeve të miratuara dhe ballafaqimit me të gjitha sfidat që mund të paraqiten gjatë fazës së zbatimit të zgjidhjeve të caktuara ligjore apo të tjera. Do të marrë pjesë edhe në përgatitjen e modeleve të rregulloreve komunale, në përputhje me ligjet dhe politikat sektoriale, përmes krijimit të formularëve të standardizuar të përshtatur me rrethanat lokale.

## Anëtarët e Rrjetit për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale formuan katër grupe punuese për punë më ekspeditive

Më 24 qershor 2024, mbledhje mbajti edhe Rrjeti për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale i BNJVL-së, i përbërë nga përfaqësues të administratës komunale, puna e të cilëve lidhet drejtpërdrejt me këta dy sektorë. Në mbledhje u formuan katër grupe punuese për ujërat, mbrojtjen e ajrit ambiental, menaxhimin e mbeturinave dhe aksionin klimatik. Aktivitetet e Rrjetit, ndër të tjera, e përkrahin edhe punën e Komisionit për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale të BNJVL-së.

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk